# СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словеначки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 24 јули 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 29 ГОД. XIX

Цена на овој број е 120.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристић'а бр. 1 Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.


**459.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВАЖЕЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ДОНЕСЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕНОТ 6 СТАВ 1 ОД УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ

Се прогласува Законот за важење на прописите за привремените мерки донесени врз основа на членот 6 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година и на седницата на Стопанскиот собор од 30 јуни 1963 година.

П. Р. бр. 1
1 јули 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ВАЖЕЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ДОНЕСЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕНОТ 6 СТАВ 1 ОД УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ

Член 1

За да може Сојузната скупштина прашањата уредени со прописите за привремените мерки, што ги донесе Сојузниот извршен совет врз основа на членот 6 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, а кои во смисла на ставот 2 од тој член остануваат во сила најдоцна уште 30 дена од денот на првиот состанок на Сојузната скупштина, да ги регулира со закон или со друг свој акт, — одредбите на Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за кредитирање на набавката на железнички товарни коли („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/63 и 25/63), Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за кредитирање на пречекорувањата на трошоците за изградба на гарантираните инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Одлуката за насочниците за употреба на средствата на Општиот инвестиционен фонд за финансирање на определени инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Одлуката за издатоците што не се признаваат во трошоци при облогот со данок на доход („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Одлуката за условите под кои Заедницата на Југословенските железници врши посебно насочување на употребата на товарните коли на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за отстранување на последиците од поплавите во Социјалистичка Република Србија („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/63), Одлуката за измена на намената на средствата во сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/63), Одлуката за определување на дејностите за кои стопанските организации плаќаат интерес на деловниот фонд по пониски норми и на дејностите за кои се ослободени од плаќањето на тој интерес и на придонесот од доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63), Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за кредитирање на разработката и изградбата на нафтоносните и гасовите полиња во 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63), Одлуката за отстапување на републичките фондови за унапредување на издавачката дејност на придонесот од доходот на стопанските организации остварен од печатарската дејност („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63), Одлуката за начинот и условите за финансирање набавката на опрема за III етапа на изградбата на основната мрежа на телевизиските предаватели и телевизиски врски во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63), Одлуката за подготовките на работните организации за преминување на 42-часовна работна недела („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63) и на Одлуката за надоместоците што ги плаќаат индустриските и рударските стопански организации за употребата или користењето на водата во 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63) — ќе се применуваат до донесувањето на соодветните закони односно други акти на Сојузната скупштина.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**460.**

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕНЗИЈА СПОРЕД ЧЛ. 80 И 132 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за важење на Одлуката за условите за признавање и определување на пензија според чл. 80 и 132 од Законот за пензиското осигурување, што го усвои Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 30 јуни 1963 година.

П. Р. бр. 2
1 јули 1963 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

Претседател
на Сојузната скупштина
**Едвард Кардељ, с. р.**

# ЗАКОН
## ЗА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕНЗИЈА СПОРЕД ЧЛ. 80 И 132 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

За да може Сојузната скупштина прашањата уредени со прописите за привремените мерки, што ги донесе Сојузниот извршен совет врз основа на членот 6 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, а кои во смисла на ставот 2 од тој член остануваат во сила најдоцна уште 30 дена од денот на првиот состанок на Сојузната скупштина, да ги регулира со закон, — одредбите на Одлуката за условите за признавање и определување на пензија според чл. 80 и 132 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63 и 25/63) ќе се применува до донесувањето на соодветниот закон.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

461.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 и членот 236 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од Сојузниот извршен совет, Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОЈУЗНИ ДРЖАВНИ СЕКРЕТАРИ И ДРУГИ СОЈУЗНИ ФУНКЦИОНЕРИ

1. Се именуваат за сојузни државни секретари:

Иван Гошњак, за сојузен државен секретар за народна одбрана,

Коча Поповиќ, за сојузен државен секретар за надворешни работи.

2. Се именуваат за сојузни секретари:

Филип Бајковиќ, за сојузен секретар за индустрија,

Марин Цетиниќ, за сојузен секретар за сообраќај и врски,

Ристо Џунов, за сојузен секретар за трудот,

Никола Џуверовиќ, за сојузен секретар за надворешна трговија,

Киро Глигоров, за сојузен секретар за финансии,

Јоже Инголич, за сојузен секретар за земјоделство и шумарство,

Драгутин Косовац, за сојузен секретар за трговија,

Војин Лукиќ, за сојузен секретар за внатрешни работи,

Мома Марковиќ, за сојузен секретар за здравство и социјална политика,

Зоран Полич, за сојузен секретар за буџет и организација на управата,

Арнолд Рајх, за сојузен секретар за правосудство,

Вилко Винтерхалтер, за сојузен секретар за информации,

Јанез Випотник, за сојузен секретар за просвета и култура,

3. За секретар на Сојузниот извршен совет се именува др Миливој Рукавина.

4. Се именуваат:

Милка Куфрин, за претседател на Сојузниот комитет за туризам,

Трајче Грујоски, за сојузен секретар за законодавство и организација,

Никола Минчев, за генерален директор на Сојузниот завод за стопанско планирање,

Хакија Поздерац, за сојузен секретар за општи стопански работи.

Функционерите од ставот 1 на оваа точка се именуваат за членови на Сојузниот извршен совет според положбата.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 4/1
30 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

462.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 и членот 217 став 1 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ВРХОВНИОТ КОМАНДАНТ

За заменик на врховниот командант се именува Иван Гошњак, генерал на армија и сојузен државен секретар за народна одбрана.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 5/1
30 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

463.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 и членот 228 точка 9 од Уставот на Социјалистичка Република Југославија, на предлог од Сојузниот извршен совет, Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОЈУЗЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

За сојузен јавен обвинител се именува др Франц Хочевар, досегашен амбасадор во Сојузниот државен секретаријат за надворешни работи.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 6/1
30 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ, с. р.**

**464.**

Врз основа на членот 193 став 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

За секретар на Сојузната скупштина се именува Миленко Кангрга, досегашен републички секретар за законодавство и организација на Социјалистичка Република Србија.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 7/1
30 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

**465.**

Врз основа на членот 178 алинеја 3 и членот 217 став 1 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од Председателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И СУДИИ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се избираат:

за председател на Уставниот суд на Југославија
Јовановиќ Блажо, досега секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Црна Гора

за судии на Уставниот суд на Југославија:

Беблер др Алеш, досега амбасадор во Државниот секретаријат за надворешни работи,

Божиновиќ Неда, досега потпретседател на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Југославија,

Цази Јосип, досега претседател на Републичкиот совет на синдикатите на Хрватска,

Групче Асен, досега претседател на Врховниот суд на Македонија,

Јевремовиќ Брана, досега сојузен јавен обвинител,

Маглајлиќ Шефкет, досега потпретседател на Народното собрание на Народна Република Босна и Херцеговина,

Радмиловиќ др Јерко, досега секретар на Законодавниот одбор на Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина,

Симиќ Владимир, досега потпретседател на Сојузната народна скупштина,

Срзентиќ Никола, досега државен потсекретар во Сојузниот секретаријат за правосудство,

Сунариќ др Иво, досега републички секретар за правосудство на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 8/1
30 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

**466.**

Врз основа на членот 224 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За членови на Советот на федерацијата се избираат:

Андриќ Иво, писател

Арсов Љупчо, претседател на Главниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија

Авбељ Виктор, претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија

Бабовиќ Спасенија, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Бакариќ др Владимир, секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Хрватска

Балтиќ Милутин, претседател на Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Хрватска

Берус Анка, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Блажевиќ Јаков, член на Сојузниот извршен совет

Божичевиќ Иван, генерален секретар на Сојузот на борците од Народноослободителната војна на Југославија

Бркиќ Звонко, потпретседател на Сојузната скупштина

Црвенковски Крсте, секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија

Цветковиќ Маријан, организационен секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Хрватска

Чолаковиќ Родољуб, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Даниловиќ Угљеша, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Дугоњиќ Рато, претседател на Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина

Ѓурановиќ Веселин, претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора

Ѓуричиќ Блажо, организационен секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Босна и Херцеговина

Гигов Страхил, потпретседател на Сојузната скупштина

Гошњак Иван, државен секретар за народна одбрана

Грличков Александар, претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

Хоџа Фадиљ, член на Сојузниот извршен совет

Хумо Авдо, член на Сојузниот извршен совет

Јоцкиќ Ѓурица, секретар на Покраинскиот комитет на Сојузот на комунистите на Србија за Војводина

Јовановиќ Блажо, претседател на Уставниот суд на Југославија

Карабеговиќ Осман, претседател на Стопанскиот собор на Сојузната скупштина

Кардељ Едвард, претседател на Сојузната скупштина

Колишевски Лазар, претседател на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија

Крајачиќ Иван, претседател на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска

Крајгхер Борис, потпретседател на Сојузниот извршен совет

Крлежа Мирослав, писател

Лескошек Франц, член на Извршниот комитет на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Мачек Иван, претседател на Собранието на Социјалистичка Република Словенија

Маринко Миха, секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Словенија

Миниќ Милош, потпретседател на Сојузниот извршен совет

Мразовиќ Карло, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Мугоша Андрија, претседател на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора

Мугоша Душан, секретар на Покраинскиот комитет на Сојузот на комунистите на Србија за Косово и Метохија

Пајковиќ Ѓоко, секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Црна Гора

Пенезиќ Слободан, претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Србија

Петровиќ Душан — Шане, претседател на Собранието на Социјалистичка Република Србија

Поповиќ Коча, државен секретар за надворешни работи

Поповиќ Милентие, генерален секретар на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија

Поповиќ Владимир, претседател на Одборот за надворешни работи и меѓународни односи на Сојузниот собор на Сојузната скупштина

Пуцар Ѓуро, секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Босна и Херцеговина

Ранковиќ Александар, потпретседател на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Рибар др Иван, член на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија

Секулиќ Никола, претседател на Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина

Симиќ Владимир, судија на Уставниот суд на Југославија

Смилевски Видое, претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

Стамболиќ Петар, претседател на Сојузниот извршен совет

Станковиќ др Синиша, в.д. директор на Биолошкиот институт

Стефановиќ Светислав, член на Сојузниот извршен совет

Стојниќ Велимир, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Шентјурц Лидија, член на Извршниот одбор на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија

Шоти Пал, претседател на Покраинскиот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Србија за Војводина

Шпиљак Мика, претседател на Извршниот совет на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска

Шукри Али, претседател на Извршниот совет на Собранието на Автономна покраина Косово и Метохија

Талевски Благое, претседател на Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Македонија

Тиквицки Геза, претседател на Одборот за селското стопанство на Сојузниот собор на Сојузната скупштина

Тодоровиќ Мијалко, потпретседател на Сојузната скупштина

Томшич Вида, претседател на Главниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Словенија

Веселинов Јован, секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Србија

Видмар др Јосип, член на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија

Влаховиќ Вељко, член на Извршниот комитет на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Вукмановиќ Светозар, претседател на Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија

Зековиќ Вељко, потпретседател на Сојузниот извршен совет

Зихерл Борис, член на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија

Членови на Советот на федерацијата според функцијата се:

Претседателот на Сојузот на младината на Југославија

Претседателот на Конференцијата за општествена активност на жените.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 16/1
30 јуни 1963. година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
На Сојузниот Собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

---

**467.**

Врз основа на членот 178 став 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 30 јуни 1963 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ПРАТЕНИЦИ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

### I. Надоместоци на Сојузните пратеници

1. Функцијата на сојузен пратеник е почесна општествена функција и се врши во начело без постојана награда.

2. Сојузен пратеник кој поради работата во Скупштината не добива личен доход на своето работно место во државен орган, работна или друга организација има право на надоместок на загубениот личен доход во Сојузната скупштина.

Надоместокот на личниот доход според одредбата од претходниот став се определува според просечниот износ на личниот доход што го примал пратеникот во изминатата година. Ако надоместокот на личниот доход утврден на овој начин изнесува помалку од 2.500 динари дневно, на пратеникот му припаѓа надоместок од 2.500 динари дневно.

На пратеник кој поради работата во Скупштината ќе престане да го врши своето постојано занимање надоместокот според одредбата од претходниот став му се определува во месечен износ.

3. Сојузен пратеник има право на надоместок на трошоците за вршење на пратеничката функција во изборната единица во која е избиран во износ од 20.000 динари месечно, како и право на надоместок на трошоците во износ од 4.000 динари

19. Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето во Сојузниот собор на Сојузната скупштина, а ќе се применува од 1 јули 1963 година.

Сојузна скупштина

АС. бр. 9/1
30 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

**468.**

Врз основа на членот 186 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина на заедничка седница на сите собори од 29 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПРИВРЕМЕНИОТ ДЕЛОВЕН РЕД НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

До донесувањето на постојан деловник на Сојузната скупштина, на работата на Сојузната скупштина (во понатамошниот текст: Скупштината) на заедничките седници на сите собори и во поглед на другите прашања на организацијата и работата на Скупштината ќе се применуваат одредбите на оваа одлука.

По прашањата што не се уредени со оваа одлука согласно ќе се применуваат одредбите од Деловникот на Сојузната народна скупштина („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 45/58 и 49/59).

Соборите на Скупштината го утврдуваат својот привремен деловен ред самостојно, во согласност со начелата утврдени со оваа одлука.

Член 2

Скупштината ги врши работите од својата надлежност, во делокругот определен со Уставот, на заедничка седница на сите собори, во рамноправниот делокруг на Сојузниот собор и надлежниот собор на работните заедници и во самостојниот делокруг на одделни собори.

Член 3

Секој собор на работните заедници има право за предлог на закон или друг акт, чие донесување не спаѓа во неговата надлежност но се однесува и на прашањата од неговиот делокруг, да ѝ дава на Скупштината или на соборите надлежни за донесување на актите мислење и да им предлага амандмани, како и на седницата на Скупштината односно надлежниот собор преку свој претставник да го образложи даденото мислење или предложениот амандман.

Собор на работните заедници ќе ѝ поднесе на Скупштината односно на надлежниот собор, на нивно барање, мислење за предлогот на закон или друг акт чие донесување не спаѓа во неговата надлежност.

Член 4

Заради претресување одделни прашања од заеднички интерес, два или повеќе собори одржуваат заеднички седници.

Заеднички седници можат да одржуваат и одборите и комисиите на Скупштината односно соборите.

Член 5

Скупштината и нејзините собори можат заедно со Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и со другите општествено-политички организации и здруженија што вршат дејност на целата територија на Југославија да претресуваат прашања од општ интерес за федерацијата.

Скупштината и нејзините собори, како и одборите и комисиите на Скупштината и на нејзините собори можат на своите седници да повикуваат претставници на општествено-политички организации, работни и други самоуправни организации и здруженија заради сослушување на нивните мислења по определени прашања.

Член 6

Скупштината ја претставува претседателот на Скупштината.

Во Скупштината се формира претседателство на Скупштината на кое му се доверува толкување на одредбите од одлуките за привремениот деловен ред што се однесуваат до надлежноста на соборите, одборите и комисиите на Скупштината, како и заземање ставови по други прашања од заеднички интерес за работата на Скупштината.

Член 7

Работата на Скупштината е јавна.

Јавноста може да се ограничи односно исклучи само кога за тоа во општ интерес ќе одлучи Скупштината, собор, одбор или комисија.

Член 8

На сојузните пратеници им се обезбедуваат во Скупштината податоци и информации што им се неопходни за вршење на пратеничката функција.

Член 9

Изборот и разрешувањето на функционерите што ги избира Сојузната скупштина, освен изборот на Претседателот на Републиката, се врши со јавно гласање.

На предлог од група на дваесет пратеници гласањето ќе се изврши тајно.

Член 10

За донесување одлуки на заедничка седница на сите собори е потребно присуство на мнозинството од членовите на секој собор.

Скупштината на заедничка седница на сите собори донесува полноважни одлуки со мнозинство на гласовите, освен кога со Уставот е предвидено одлуката да се донесува со посебно мнозинство.

Член 11

Сојузните државни секретари, секретарот на Сојузниот извршен совет, сојузните секретари, заменици на сојузните државни секретари и на сојузните секретари, заменикот на врховниот командант, сојузнот јавен обвинител и другите функционери што ги именува Скупштината на предлог од претседателот на Сојузниот извршен совет даваат свечена изјава пред Претседателот на Републиката.

Претседателот и судиите на Уставниот суд на Југославија, на Врховниот суд на Југославија и на Врховниот стопански суд и секретарот на Скупштината даваат свечена изјава пред претседателот на Скупштината.

Текстот на свечената изјава гласи:

„Изјавувам дека должноста што ми е доверена совесно и предано ќе ја вршам, дека ќе се придржувам за Уставот и законите и дека сите свои сили ќе ги заложувам за остварување на целите на социјалистичкото општество и интересите на народите и граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.“

### II. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СКУПШТИНАТА

#### 1. Претседател и потпретседатели

Член 12

Претседателот на Скупштината ги организира и свикува заедничките седници на сите собори и претседава на нив, дава иницијатива за претресување одделни прашања од делокругот на Скупштината,

соборите и другите тела на Скупштината и се грижи за усогласувањето на нивната работа; ја поттикнува меѓусебната соработка на соборите и другите тела на Скупштината, а, по потреба, и ги свикува и се грижи за нивната соработка со други органи и општествено-политички организации.

Претседателот се грижи за примената на оваа одлука, за објавувањето на законите и другите акти на Скупштината и соборите и за остварувањето на начелото на јавноста во работата на Скупштината; се грижи за остварувањето на правата на пратениците, ги спремапотпишува указите за прогласување на законите, ги потпишува актите донесени на заедничка седница на сите собори а, заедно со претседателите на соодветните собори и актите што ги донесле соборите, распишува избори за пратеници и врши други права и должности предвидени со Уставот и со оваа одлука.

Претседателот има право да учествува во расправувањето на сите прашања на дневен ред на седниците на соборите, одборите и комисиите на Скупштината и соборите.

Член 13

Скупштината има еден или повеќе потпретседатели.

Потпретседателите вршат во договор со претседателот определени работи од неговиот делокруг. Во случај на отсутност или спреченост на претседателот го заменува потпретседателот што е избран прв по ред.

Потпретседателите имаат право да им предлагаат на соборите, одборите и комисиите на Скупштината и на соборите расправување по прашањата од нивниот делокруг и да учествуваат во расправувањето за сите прашања на дневен ред на седниците на тие тела.

Член 14

Претседателот и потпретседателите на Скупштината се избираат на четири години.

**2. Претседателство на Скупштината**

Член 15

Претседателството на Скупштината го сочинуваат претседателот на Скупштината, потпретседателите на Скупштината и претседателите на соборите.

Претседателот на Скупштината ги свикува седниците на претседателството на Скупштината по своја иницијатива или на предлог од претседател на собор, го предлага дневниот ред на седниците и претседава на седниците.

Претседателот на Сојузниот извршен совет учествува во работата на претседателството на Скупштината кога тоа расправува прашања што се однесуваат до усогласувањето на работата на Скупштината и нејзините тела и Сојузниот извршен совет, како и на другите прашања од заеднички интерес за работата на Скупштината и нејзините тела и на Сојузниот извршен совет.

Член 16

Претседателството на Скупштината ги толкува одредбите за надлежноста на соборите, одборите и комисиите на Скупштината, го усогласува одржувањето на нивните седници, ги усогласува односите на Скупштината и на Сојузниот извршен совет заради организирање на работата на Скупштината; дава иницијатива за претресување на прашањата од општо политичко значење, одлучува за поканувањето на делегации на странски претставнички тела и странски државници, го определува составот на скупштинските делегации, го утврдува предлогот на претсметката на Скупштината и врши други работи определени со оваа одлука.

Претседателството на Скупштината може на Скупштината и на соборите да им предлага мерки за унапредување на работењето и работата на Скупштината.

Член 17

Заради остварување со Уставот утврдените начела за рамноправниот делокруг на Сојузниот собор и соборите на работните заедници за соодветна област на трудот, претседателството на Скупштината може, по своја иницијатива или на предлог од заинтересираниот собор на работните заедници, да бара од предлагачот на закон односно друг акт од предлогот на закон односно друг акт да издвои дел на предлогот кој содржи материја за која е надлежен друг собор на работните заедници.

## III. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКАТА И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКАТА

Член 18

Претседателот на Републиката и потпретседател на Републиката се избираат на заедничка седница на сите собори на Скупштината.

Член 19

Предлогот на кандидатурата за избор на Претседател на Републиката му се предава писмено на претседателот на Скупштината пред почетокот на седницата на Скупштината на која се врши изборот.

Предлогот на кандидатурата за избор на Претседател на Републиката можат да го поднесат најмалку триесет пратеници по сопствена иницијатива или врз основа на предлог од Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија. Најмалку по пет предлагачи мораат да бидат пратеници избрани од секоја република, а половина на сите предлагачи мора да биде од редот на членовите на Сојузниот собор.

Еден од потписниците на кандидатурата има право во име на предлагачите на седницата да го образложи предлогот.

Член 20

Со спроведувањето на изборот раководи претседателот на Скупштината, на кој во работата му помагаат четири до осум пратеници што ќе ги избере Скупштината.

Член 21

Гласањето за избор на Претседателот на Републиката е тајно и се врши со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче се напечатени имињата од сите предложени кандидати, и тоа по оној ред по кој предлозите му се предадени на претседателот на Скупштината. Пред името на секој кандидат се става реден број.

Врз секое гласачко ливче се става печатот на Скупштината.

Член 22

Секој пратеник добива едно гласачко ливче.

По расподелбата на гласачките ливчиња и откако ќе установи дека сите пратеници добиле гласачко ливче, претседателот на Скупштината дава потребни објасненија за начинот на гласањето и го определува времето потребно за пополнување на гласачкото ливче. По истекот на определеното време, претседателот на Скупштината ги повикува пратениците да ги предадат гласачките ливчиња.

Пратеникот лично го пушта пресвитканото гласачко ливче во една од поставените гласачки кутии. Бројот на гласачките кутии го определува претседателот на Скупштината.

Кај секоја гласачка кутија при гласањето присуствува по еден пратеник, што Скупштината го избрала заради помагање на претседателот во раководењето со спроведувањето на изборите.

Член 23

Пратеникот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа.

Ако од гласачкото ливче не може јасно да се установи волјата на пратеникот што гласал, таквото ливче се смета за неважно.

Член 24

Откако сите пратеници ќе гласаат и претседателот на Скупштината објави дека е завршено гласањето, се преминува кон утврдување на резултатот на гласањето.

Резултатот на гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња, во просторијата во која се одржува седницата.

Претседателот го објавува резултатот на гласањето и соопштува колку вкупно пратеници гласале, колку од тоа за секој од кандидатите, колку против, колку се воздржале, а колку има неважни гласачки ливчиња.

Член 25

За Претседател на Републиката е избран кандидатот што добил мнозинство на гласовите од вкупниот број на сите сојузни пратеници.

Член 26

По објавувањето на резултатот за изборот на Претседател на Републиката се врши избор на потпретседател на Републиката.

Предлогот на кандидатурата за избор на потпретседател на Републиката се поднесува по постапката предвидена за избор на Претседател на Републиката (член 19).

Јавното гласање за избор на потпретседател на Републиката се врши со дигање рака.

На предлог од група на дваесет пратеници или ако претседателот на Скупштината одлучи за тоа, јавното гласање ќе се изврши поименично.

Ако скупштината одлучи изборот на потпретседател на Републиката да се изврши со тајно гласање. гласањето се врши според одредбите од чл. 20 до 24 на оваа одлука.

По завршеното гласање претседателот на Скупштината го објавува резултатот на гласањето.

Член 27

За потпретседател на Републиката е избран кандидатот што добил мнозинство на гласовите од вкупниот број на сите сојузни пратеници.

Член 28

По завршените избори, претседателот на Скупштината свечено ги прогласува за Претседател на Републиката и потпретседател на Републиката кандидатите што се избрани.

Член 29

Избраниот Претседател на Републиката ја дава пред Скупштината свечената изјава, која гласи:

„Изјавувам дека должноста на Претседател на Републиката ќе ја извршувам предано и верно, дека ќе се придржувам за Уставот и законите и за другите одлуки на Сојузната скупштина, дека ќе ја чувам независноста и суверенитетот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и дека сите свои сили ќе ги заложувам за остварување на целите на социјалистичкото општество и интересите на народите и граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

## IV. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СКУПШТИНАТА

Член 30

Предлогот на кандидатурата за избор на Претседател на Скупштината го поднесува Комисијата за прашањата на изборот и именувањата. Предлогот на кандидатурата може до го подносе и група од најмалку триесет пратеници по своја иницијатива или на предлог од Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Предлогот на кандидатурата му се предава писмено на претседателот на Скупштината пред почетокот на седницата на која се врши изборот.

Известителот на Комисијата за прашањата за изборот и именувањата и еден од предлагачите на кандидатурата што ја предложила група на пратеници имаат право на седницата да го образложат предлогот.

Член 31

Изборот на потпретседатели на Скупштината се врши по изборот на претседателот на Скупштината.

Пред почетокот на изборот, Скупштината, на предлог од претседателот на Скупштината, определува колку потпретседатели се избираат.

Член 32

Предлогот на кандидатурата за избор на потпретседатели на Скупштината го поднесува Комисијата за прашањата на изборот и именувањата. Предлог на кандидатурата може да поднесе и група од најмалку триест пратеници по своја иницијатива или на предлог од Соіузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Предлогот на кандидатурата може да содржи онолку кандидати колку што се избираат потпретседатели.

Предлогот на кандидатурата му се предава писмено на претседателот на Скупштината пред почетокот на седницата на која се врши изборот.

Известителот на Комисијата за прашањата за изборот и именувањата и еден од предлагачите на кандидатурата што ја предложила група на пратеници имаат право на седница да го образложат предлогот.

Член 33

Јавното гласање за избор на претседател на Скупштината и за избор на потпретседатели на Скупштината се врши со дигање на рака.

На предлог од група на дваесет пратенци, или ако претседателот на Скупштината одлучи, јавното гласање ќе се изврши поименично.

Ако Скупштината одлучи да се изврши избор со тајно гласање, гласањето ќе се изврши според одредбите од чл. 20 до 24 на оваа одлука.

При изборот на потпретседатели на Скупштината се гласа посебно за секој од предложените кандидати. Ако постои само еден предлог на кандидатура на кој е предложен онолкав број на потпретседатели колку што се избираат, се гласа за предложената кандидатура во целина.

## V. ПРЕТРЕС НА ПРАШАЊА ОД ОПШТО ПОЛИТИЧКО ЗНАЧЕЊЕ

Член 34

На заедничка седница на сите собори, Скупштината може, во рамките на правата и должностите на федерацијата, да ги претресува прашањата од општо политичко значење.

Заедничка седница на сите собори заради претресување на прашањата од општо политичко значење може да свика претседателот на Скупштината.

Претседателот на Скупштината ја свикува заедничката седница на сите собори на предлог од Претседателот на Републиката или на предлог од најмалку три собори на Скупштината.

Член 35

По прашањата што ги претресува на заедничка седница на сите собори, Скупштината може да донесува декларации, резолуции или препораки за работа на државните органи и на работните и други самоуправни организации, или може да го заклучи претресувањето со просто преминување на дневниот ред.

Донесување на декларација, резолуција или препорака може да предложи Претседателот на Републиката, претседателот на Скупштината, секој собор на Скупштината и Сојузниот извршен совет.

Предлогот на декларацијата, резолуцијата односно препораката мора да им биде поделена на пратениците пред почеткот на претресот.

Член 36

Секој пратеник има право да предлага амандмани на поднесениот предлог на декларација, резолуција, или препорака.

Амандмани можат да се поднесуваат сé додека предлогот не биде ставен на гласање. Амандманите мораат да бидат писмено формулирани.

Амандманите на подносителот на предлогот се сметаат за составен дел на предлогот.

## VI. ЗАЕДНИЧКИ СЕДНИЦИ НА ДВА ИЛИ ПОВЕЌЕ СОБОРИ

Член 37

Претседателот на Скупштината може да свика заедничка седница на два или повеќе собори заради расправање на прашањата од заеднички интерес.

Секој собор може да му предложи на друг собор со него или со повеќе други собори да одржи заедничка седница заради расправање на прашањата од заеднички интерес.

Претседателот на Скупштината ќе свика заедничка седница на два или повеќе собори ако го побараат тоа најмалку два собора.

На заедничката седница на два или повеќе собори претседава претсадателот на Скупштината. Претседателот на Скупштината може во спогодба со претседателите на заинтересираните собори да определи, на заедничката седница да претседава еден од претседателите на соборите.

## VII. КОМИСИИ И ОДБОРИ НА СКУПШТИНАТА

Член 38

Скупштината ги има следниве постојани комисии:

1) Комисија за прашањата на изборот и именувањата;

2) Законодавно-правна комисија;

3) Комисија за општествен надзор;

4) Комисија за автентични текстови на српскохрватски јазик;

5) Комисија за автентични текстови на хрватско-српски јазик;

6) Комисија за автентични текстови на словенечки јазик,

7) Комисија за автентични текстови на македонски јазик,

Скупштината може со одлука да формира и други постојани или повремени комисии, како и постојани одбори.

Член 39

Комисијата за прашањата на изборот и именувањата подготвува и и ги поднесува на Скупштината и на надлежните собори предлозите за избор, именување и разрешување на органите и функционерите предвидени со Уставот и одлуките за привремениот деловен ред, и ги разгледува општите прашања на кадровската политика на Скупштината и федерацијата.

Член 40

Комисијата за прашањата на изборот и именувањата има претседател и осумнаесет членови.

Девет членови се избираат од редот на членовите на Сојузниот собор, а по еден член се избира од редот на членовите на секој од соборите на работните заедници. Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија делегира во Комисијата шест членови.

Член 41

Законодавно-правната комисија ги разгледува предлозите на закони и други акти што ги донесуваат Скупштината и нејзините собори во поглед на нивната усогласеност со Уставот и правниот систем, како и во поглед на нивната правна и редакциска обработка, и за тоа ѝ поднесува извештај и предлози на Скупштината односно на надлежните собори; дава мислење за начелните прашања за изградба на правниот систем.

Законодавно-правната комисија ѝ поднесува на Скупштината односно на надлежниот собор извештај и предлози во поглед на правната и редакциската обработка на предлог на закон или друг акт по завршеното претресување во надлежниот одбор. Ако Скупштината или соборот на седница суштествено го измени односно дополни предлогот на закон или друг акт, ќе го сослуша, пред гласањето за предлогот во целина, мислењето на комисијата.

Член 42

Законодавно-правната комисија има претседател и три до пет членови од редот на членовите на Сојузниот собор, како и членови од редот на стручњаците во областа на правото. Кога Комисијата разгледува предлог на закон или друг акт во чие донесување учествува и еден од соборите на работните заедници, во Комисијата влегуваат и два члена на тој собор што ќе ги избере тој.

Бројот на членовите на Комисијата од редот на членовите на Сојузниот собор и од редот на стручњаците во областа на правото се определува при изборот.

Член 43

Комисијата за општествен надзор ги разгледува од гледиштето на начелата на општествениот систем, законите и другите прописи, материјалните интереси на општествената заедница и остварувањето и заштитата на правата на граѓаните и самоуправните организации појавите од општо значење во врска со располагањето со општествените средства и со распределбата на доходот од страна на државните органи, органите на општественото самоуправување и организациите што вршат работи од јавен интерес, како и со начинот на извршувањето на правата и должностите на тие органи и организации.

Комисијата има, во рамките на својот делокруг, право да бара материјални и други податоци од сите државни органи, самоуправни и други организации, на своите седници да ги повикува нивните овластени претставници и други одговорни функционери и да бара тие да ѝ даваат објасненија и мислења.

Комисијата може во врска со прашањето што го разгледала да им предложи на органите на управувањето на самоуправните организации или на претставничкото тело на општествено-политичката заедница претресување на определени прашања.

За утврдените појави Комисијата им поднесува извештаи со предлози на надлежните собори на Скупштината.

Член 44

Комисијата за општествен надзор има претседател и четиринаесет членови.

Десет членови на Комисијата се избираат од редот на членовите на Сојузниот собор, а по еден член се избира од редот на членовите на секој од соборите на работните заедници. Претседателот на Комисијата се избира од редот на сојузните пратеници.

Член 45

Комисиите за автентични текстови го утврдуваат текстот на предлог или веќе донесен закон или друг акт, ако предлогот не бил составен односно ако актот не бил донесен на јазикот за кое е формирана комисијата.

Член 46

Секоја комисија за утврдување на автентични текстови има претседател и четири члена, што се избираат од редот на сојузните пратеници.

Член 47

Претседателот и членовите на одборите и комисиите на Скупштината се избираат на четири години.

Член 48

Предлогот за избор претседатели и членови на одбори и комисии на Скупштината во целина, како и на одделни нивни членови, го поднесува Комисијата за прашањата на изборите и именувањата. Предлог може да поднесе и група од дваесет пратеници.

Изборот на претседателите и членовите на одборите и комисиите во целина се врши на заедничка седница на сите собори.

Промените во составот на одборите и комисиите што се однесуваат на членовите што ги избрала Скупштината ги врши секој собор на Скупштината во поглед на своите членови, а за членовите на одборите и комисиите што не се сојузни пратеници — Сојузниот собор.

ставпка различна од онаа што е предвидена со оваа одлука.

Член 60

Претседателството на Скупштината може да одлучи деловникот на Скупштината да се претресе и усвои на одвоените седници на секој собор. Во тој случај деловникот ќе биде донесен ако во истовиден текст е усвоен од сите собори.

Член 61

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето на заедничката седница на сите собори на Сојузната скупштина.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 10/1
29 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

**469.**

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 29 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПРИВРЕМЕНИОТ ДЕЛОВЕН РЕД НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

До донесувањето на постојан деловник на Сојузниот собор, на работата на Сојузниот собор и на Соборот на народите и на нивната организација ќе се применуваат одредбите од оваа одлука.

По прашањата што не се уредени со оваа одлука согласно ќе се применуваат одредбите од Деловникот на Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/58 и 49/59).

Член 2

Сојузниот собор заседа одвоено од другите собори, освен кога според Уставот, Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната Скупштина и оваа одлука се состанува и работи заедно со еден или повеќе други собори.

Член 3

Членовите на Сојузниот собор избрани од републичките собранија и од собранијата на автономните покраини заседаат одвоено како Собор на народите во случаите предвидени со Уставот.

Член 4

Сојузниот собор (во понатамошниот текст: Соборот) работи на свои седници, на седници на своите постојани и други одбори и комисии, како и на заеднички седници со други собори.

### II. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ

Член 5

Претседателот на Соборот ги организира и свикува седниците на Соборот и претседава на нивдава иницијатива за претресување одделни прашања на седниците на Соборот и на седниците на неговите одбори и комисии и ја усогласува работата на одборите и комисиите на Соборат.

Претседателот на Соборат се грижи за примената на оваа одлука, ги потпишува актите донесени на седница на Соборот, освен законите, и врши други права и должности предвидени со Уставот, со Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната скупштина и со оваа одлука.

Претседателот има право да учествува во расправањето на сите прашања што се наоѓаат на дневен ред на седниците на Соборот и неговите одбори и комисии.

Член 6

Соборот има потпретседател, кој го заменува претседателот на Соборот во случај на негова спреченост.

Претседателот на Соборот може да го овласти потпретседателот на Соборот да го заменува во претседавањето на определена седница на Соборот.

Член 7

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години.

### III. СЕДНИЦИ НА СОБОРОТ

**1. Општи одредби**

Член 8

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот врз основа на одлука на Соборот или по сопствена иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница на Соборот врз основа на одлука на Соборот, на предлог од претседателот на Сојузната скупштина или Сојузниот извршен совет, од постојан одбор односно комисија или дваесет членови на Соборот, како и во други случаи кога е тоа определено со оваа одлука.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот кога е должен да го стори тоа, Соборот ќе се состане на покана од дваесет членови на Соборот или од претседателот на Скупштината.

Член 9

Седниците на Соборот се јавни.

Соборот може да одлучи да се одржи седница или за одделни прашања да се расправа без присуство на јавноста.

Ако Соборот одлучил за одделни прашања да се расправа без присуство на јавноста, за тие прашања ќе се расправа без присуство на јавноста и во одборите односно комисиите.

Податоците и фактите за работата на таква седница мораат да се чуваат како тајна, освен ако Соборот, одбор или комисија одлучи определени податоци да можат да се објават.

Член 10

Записникот од претходната седница им се доставува на членовите на Соборот најдоцна на 48 часа пред почетокот на седницата на која се усвојува записникот.

Секој член на Соборот има право на седница да стави забелешки на записник. Ако претседателот на Соборот не ја усвои забелешката, за основаноста на забелешката одлучува Соборот без претрес.

Член 11

Предлогот на дневниот ред го составува претседателот на Соборот. Предлогот на дневниот ред претседателот на Соборот им го доставува на членовите на Соборот писмено најдоцна до почетокот на седницата.

Член 12

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред имаат право да поднесат член на Соборот, постојаните одбори и комисии на Соборот и на Скупштината, како и Сојузниот извршен совет.

Предлогот за внесување одделни прашања во дневниот ред му се поднесува писмено на претседателот на Соборот, ако со оваа одлука не е определено поинаку.

Прашањата што се предложени за дневен ред на седницата на Соборот мораат заедно со соодветните материјали да им се достават на членовите на Соборот најдоцна на осум дена пред седницата на која се одлучува за ставањето на тие прашања на дневен ред.

Ако претседателот на Соборот смета дека определено прашање предложено за дневен ред не треба да се стави на дневен ред на седницата, а предлагачот останува при своето барање, за предлогот одлучува Соборот.

Член на Соборот може и усно на седница да предложи ставање на одделно прашање на дневен ред, но е должен да ја образложи итноста на предлогот

Пред одлучувањето за ваков предлог на член на Соборот, Соборот ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет. За предлогот може да даде мислење и претставникот на надлежниот одбор на Соборот.

Соборот решава за итноста како за претходно прашање, ако ваквиот предлог на член на Соборот го подржат уште најмалку десет членови на Соборот.

Член 13

Соборот може полноважно да одлучува ако на седницата присуствува повеќе од една половина од вкупниот број на членовите на Соборот (кворум).

Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласовите на присутните членови на Соборот ако со оваа одлука не е определено поинаку.

Ако бројот на членовите на Соборот што се воздржале од гласање е поголем од вкупниот број на оние што го дале гласот „за“ односно „против“ предлогот за кој се гласало е отфрлен, а ако се гласа за избор — се врши потворен избор.

Член 14

На одлучувањето му претходи претрес, освен во случаите кога со оваа одлука е определено да се одлучува без претрес.

Член 15

На седницата на Соборот се одлучува за прифаќањето или одбивањето на предлогот.

Соборот може да одлучи и да се симне предлогот од дневен ред воопшто или заради доставување до одборот односно комисијата на потворно разгледување.

Подносителот на предлогот може да го повлече предлогот сé до ставањето на предлогот на гласање.

Сојузниот извршен совет може преку свој претставник да изјави дека таквиот предлог што го поднесол член на Соборот, одбор или комисија на Соборот го прифаќа како свој Во тој случај претресот на предлогот се продолжува.

Член 16

Претресот на одделни прашања што не бараат одлучување или за кои Соборот не сака да одлучи, се завршува со просто преминување на дневниот ред.

Предлогот за просто преминување на дневниот ред може да го даде претседателот на Соборат и секој член на Соборот што ќе го подржат четири члена на Соборот

Преминот на дневниот ред може да биде и образложен.

Член 17

Претресот на прашања од општо политичко значење може на седница на Соборот да се заврши со просто или образложено преминување на дневниот ред. или со донесување на декларација или резолуција

Предлогот на декларација или резолуција можат да го поднесат десет членови на Соборот, одбор на Соборот или Сојузниот извршен совет.

Член 18

Прашањата на членовите на Соборот на Сојузниот извршен совет на државен секретар и други сојузни функционери што ја раководат работата на сојузните органи на управата се упатуваат писмено преку претседателот на Соборот или се поставуваат усно на седница на Соборот.

Член на Соборот може да бара на поставеното прашање да му се одговори писмено или усно на седница на Соборот.

Прашањата се поставуваат кратко и стегнато.

Соборот може да определи посебно време на седницата за поставување на прашања и давање одговори.

Член 19

Писмениот одговор се дава во рок од десет дена преку претседателот на Соборот, кој за одговорот го известува Соборот на седница.

Устен одговор се дава на првата наредна седница на Соборот, ако прашањето му било доставено на Сојузниот извршен совет односно на сојузен функционер најмалку на осум дена пред седницата.

На барање од претставник на Сојузниот извршен совет односно сојузен функционер, Соборот може да определи подолг рок за давање одговор.

По дадениот одговор, членот на Соборот што го поставил прашањето може да постави уште едно дополнително прашање и откога ќе добие одговор на него се преминува на дневниот ред.

Членот на Соборот што го поставил прашањето, може по постапката предвидена со оваа одлука за утврдување на дневниот ред. да предложи за работата што се однесува на неговото прашање да се поведе претрес на една од наредните седници на Соборот.

За предлогот одлучува Соборот откако ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

Член 20

Гласањето се врши јавно.

Кога се гласа за избор или разрешување, Соборот може на предлог од претседателот или на член на Соборот, да одлучи да се гласа тајно.

Ако најмалку десет членови на Соборот бараат за изборот и разрешувањето да се гласа тајно, гласањето се врши тајно.

Членовите на Соборот гласаат така што се изјаснуваат „за“ или „против“ предлогот, односно „за“ или „против“ една од кандидатурите, или се воздржуваат од гласање.

Член на Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас.

Член 21

Јавното гласање се врши со дигање на рака или поименично

Јавното гласање се врши по правило со дигање на рака.

Кога гласањето се врши со дигање на рака, претседателот на Соборот не гласа.

При гласањето со дигање на рака претседателот ги повикува најпрво да дигнат рака членовите на Соборот што гласаат „за“, потоа оние што гласаат „против“, а потоа прашува дали има членови на Соборот што се воздржуваат од гласање.

Поименично се гласа кога е тоа определено со оваа одлука или кога ќе одлучи Соборот за тоа.

Поименично се гласа со прозивање на членовите

Кога ќе биде завршено прозивањето, повторно ќе се прозоват членовите на Соборот за кои во списокот не е забележено дека гласале.

Резултатот на гласањето го објавува претседателот на Соборот.

**2. Постапка при изборот**

Член 22

Предлозите за избор и именување и за разрешување сојузни функционери, што ги врши Советот врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот, се поднесуваат преку претседателот на Скупштината, а предлозите за избор и именување и за разрешување претседателот и потпретседателот на Соборот, одбори и комисии на соборот и на секретарот на соборот се поднесуваат преку претседателот на Соборот.

Предлозите се поднесуваат писмено и содржат покрај имиња на кандидатите и потписи на предлагачите.

Член 23

Предлогот за избор, именување и разрешување на функционерите што ги избира односно именува Соборот ги поднесува Комисијата за прашањата на изборот и именувањата, ако со Уставот не е определено поинаку.

Член 24

Предлог за избор, именување и разрешување на функционерите што ги избира односно именува Соборот имаат право да поднесат и десет членови на Соборот, ако со Уставот не е определено поинаку.

Член 25

Кога ќе се заврши предлагањето, претседателот на Соборот соопштува кои предлози и по кој ред се поднесени.

Член 26

Изборот на одбори односно комисии во целина се врши врз основа на кандидатски листи. Секоја кандидатска листа мора да содржи онолку кандидати колку членови на одборите односно комисиите се избираат.

Изборот на одделни членови на одбор односно комисија се врши врз основа на поединечни предлози. Ако изборот на членовите на одбор односно комисија се врши со тајно гласање, гласањето се врши со едно гласачко ливче.

Член 27

Предлози за избор на Сојузниот извршен совет и на членовите на Советот на федерацијата се сметаат како единствена листа и за нив се гласа во целина.

Одлуката за избор на Сојузниот извршен совет претседателот на Скупштината му ја доставува на Претседателот на Републиката заради прогласување.

Член 28

Гласањето за предлогот за избор и разрешување на претседателот и судиите на Уставниот суд на Југославија и на другите судови на федерацијата се врши за секој кандидат посебно.

Со предлогот на кандидатура можат да бидат предложени кандидати за избор на претседател и на сите судии на Уставнист суд односно на другите судови на федерацијата.

Ако за избор на овие функционери е предложена само една кандидатура, а ниеден член на Соборот не бара да се гласа посебно, Соборот може да одлучи за предложените кандидатури да се гласа во целина.

Изборот на повремените судии на Врховниот стопански суд се врши во целина, според списокот кој ги содржи имињата на кандидатите.

Член 29

Гласањето за предлогот за именување и разрешување на сојузните државни секретари, сојузните секретари, заменикот на врховниот командант, сојузниот јавен обвинител и на другите функционери што ќе ги определи законот, се врши за секој кандидат посебно

Со предлогот на кандидатурата можат да бидат предложени кандидати за избор на сите сојузни државни секретари, сојузни секретари и други сојузни функционери што ги именува Сојузниот собор.

Ако за избор на функционерите од ставот 2 на овој член е предложена само една кандидатура, а ниеден член на Соборот не бара да се гласа за секој кандидат посебно, Соборот може да одлучи за предложените кандидатури да се гласа во целина.

Член 30

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

На секое гласачко ливче се става печат на Сојузната скупштина

Секој член на Соборот добива едно гласачко ливче.

По расподелбата на гласачките ливчиња претседателот го определува времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 31

Со спроведувањето на изборите раководи претседателот на Соборот, на кој во работата му помагаат секретарот на Соборот и два члена на Соборот, што, со согласност од Соборот, ќе ги определи претседателот.

Член 32

Член на Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа, а ако гласањето се врши по кандидатски листи, тогаш го заокружува редниот број на кандидатската листа за која гласа.

Член на Соборот може да гласа само за еден кандидат ако се предложени повеќе кандидати — за иста функција, односно за една кандидатска листа — ако се предложени повеќе кандидатски листи. Откога ќе ги пополнат гласачките ливчиња членовите на Соборот ги пуштаат во гласачката кутија.

Член 33

По завршеното гласање се врши пребројување и преглед на гласачките ливчиња заради утврдување на резултатот на гласањето. Ако се појави разлика помеѓу бројот на издадените и предадените гласачки ливчиња, резултатот на гласањето се утврдува врз основа на бројот на предадените гласачки ливчиња.

Член 34

Резултатот на гласањето го објавува претседателот

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно членови на Соборот гласале, колку од тоа за кандидатот, односно за кандидатската листа, колку против, колку се воздржале, а колку има неважни гласачки ливчиња.

Претседателот објавува кој кандидат односно од која кандидатска листа се избрани кандидатите според бројот на добиените гласови.

Ако ниеден кандидат или ниедна кандидатска листа не добила потребно мнозинство, во повторниот избор учествуваат сите поранешни кандидати односно сите поранешни кандидатски листи, како и нови кандидати односно кандидатски листи — ако бидат дополнително предложени

Член 35

Одредбите од чл. 22 до 34 на оваа одлука согласно се применуваат и во постапката за разрешување.

## IV. ОДБОРИ И КОМИСИИ НА СОБОРОТ

Член 36

Сојузниот собор ги има следниве постојани одбори:

1) Одбор за надворешни работи и меѓународни односи;
2) Одбор за општествена безбедност и народна одбрана;
3) Одбор за организационо-политички прашања;
4) Одбор за општествен план и финансии;
5) Одбор за општествено-економски односи;
6) Одбор за индустрија;
7) Одбор за земјоделство;
8) Одбор за стоковен промет;
9) Одбор за сообраќај;
10) Одбор за прашања на трудот;
11) Одбор за комунални прашања;
12) Одбор за просветно-културни прашања;
13) Одбор за социјално-здравствени прашања;
14) Одбор за буџет.

Поблиски одредби за делокругот на постојаните одбори утврдува, по потреба, Соборот со своја одлука.

Член 37

Сојузниот собор ги има следниве постојани комисии:

1) Комисија за претставки и жалби;
2) Административна комисија;
3) Мандатно-имунитетска комисија.

Член 38

Соборот може да формира и повремени одбори и комисии за подготвување и проучување определени прашања од делокругот на Соборот.

Соборот може, во спогодба со друг собор на Скупштината или со Сојузниот извршен совет, да основа заеднички одбори и комисии.

Составот и делокругот на повремените и заедничките одбори односно комисии се определува со актот за нивното основање.

Член 39

Постојаните одбори имаат 7 до 15 членови, а постојаните комисии 5 до 7 членови.

Бројот на членовите на одборот односно комисијата се определува при изборот на нивните членови.

Член 40

Член на Соборот може да биде член на најмногу два постојани одбори или постојани комисии на Соборот.

За членови на повремените комисии на Соборот можат да се именуваат и лица од редовите на стручњаците и јавните работници.

Член 41

Членовите на одборите и комисиите на Соборот се избираат на четири години.

Соборот може да разреши одбор или комисија во целина или одделен нивен член и пред истекот на времето за кое се избрани

Секој одбор и комисија има претседател кого го избира Соборот.

Член 42

Кога на седница на одбор се претресува предлог на закон или друг акт што го предлага Сојузниот извршен совет, а кој Соборот односно претседателот на Соборот му го доставил на одборот на мислење, на седницата на одборот присуствува претставник на Сојузниот извршен совет што ќе го определи тој.

Претставникот на Сојузниот извршен совет има право да бара одборот да го одложи решавањето за предлогот што го поднесол Сојузниот извршен совет.

Одборот ќе го извести Сојузниот извршен совет за својата седница на чиј дневен ред се наоѓа предлог на закон или друг акт што го поднесол член на Соборот или одбор на Соборот и Сојузниот извршен совет може на таа седница на одборот да упати свој претставник.

Член 43

Одборот има право да бара од сојузен државен секретар, сојузен секретар и од други функционери што раководат со сојузни органи на управата да му ја изложат состојбата во соодветна област на управата и да му дадат известувања за извршувањето на сојузните закони и другите сојузни прописи, како и за другите прашања од делокругот на соодветниот орган на управата

Правото од ставот 1 на овој член одборот го остварува во согласност сс заклучоците што спогодбено ги донесуваат претседателството на Скупштината и Сојузниот извршен совет. Со тие заклучоци можат да се утврдуваат и обврските на сојузните органи на управата во поглед на редовното известување на одборот за состојбата во соодветната област на управата, како и за извршувањето на сојузните закони, другите сојузни прописи, сојузниот општествен план и сојузниот буџет.

Член 44

Комисијата за претставки и жалби ги проучува и претресува претставките и жалбите што на Скупштината и ги упатуваат граѓаните и организациите.

Член 45

Административната комисија:

— му предлага на Соборот прописи за надоместоците на сојузните пратеници и сојузните функционери што ги избира односно именува Скупштината, се грижи за извршувањето на тие прописи и донесува поблиски прописи за нивното спроведување;

— врши и други работи предвидени со оваа одлука и со Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната скупштина.

Член 46

Мандатно-имунитетската комисија:

— ги претресува сите прашања во врска со имунитетското право;

— му поднесува на Соборот и на претседателот на Скупштината извештај за престанокот на мандат на членовите на Соборот; ги испитува пратеничките уверенија, изборните акти и пристигнатите жалби; дава предлози во поглед на верификацијата на мандатите на пратениците избрани на повторните и дополнителните избори;

— дава, ако Соборот не е собран, одобрение за лишување од слобода и за поведување односно продолжување кривична постапка и одлучува за воспоставување на имунитетското право на член на Соборот, со дополнителна потврда од Соборот.

## V. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ И ДРУГИ АКТИ

### 1. Поднесување предлози на закони

Член 47

Предлог на закон му се поднесува на Соборот писмено преку претседателот на Скупштината, во формата во која се донесува закон.

Предлог на закон мора да биде образложен, а кон предлогот треба да бидат приложени и материјалите врз основа на кои е составен предлогот.

Член 48

Предлогот на закон што го поднесол член на Соборот, одбор или комисија му се доставува и на Сојузниот извршен совет заради запознавање со предлогот Сојузниот извршен совет може за таквиот предлог да му даде на Соборот свое мислење.

Предлогот на закон заедно со соодветните материјали, мора да им биде доставен на членовите на Соборот благовремено, а најдоцна на осум дена пред седницата на Соборот на која ќе се претресува.

Член 49

Соборот или претседателот на Соборот, во согласност со заклучоците на Соборот, може да одлучи предлогот на закон претходно да му се достави на мислење на надлежниот одбор.

Во ваков случај мислењето на надлежниот одбор ќе им се достави на членовите на Соборот најдоцна на 24 часа пред седницата на која се претресува предлогот на закон.

Секој одбор на Соборот, во рамките на својот делокруг, може за предлог на закон што не му е доставен на мислење во смисла на одредбата од претходниот став да му поднесува на Соборот амандмани или на седница на Соборот да го изложи својот став.

### 2. Претрес на седница на Соборот

Член 50

Предлогот на закон во чие донесување рамноправно учествуваат Сојузниот собор и еден од соборите на работните заедници се претресува, по правило, на одвоени седници на соборите.

Соборот може заедно со друг собор да одлучи предлогот да го претресуваат и за него да гласаат на заедничка седница. Кога Соборот заедно со друг собор ќе одлучи за предлогот да гласаат на заедничка седница, членовите на Соборот ќе гласаат одвоено од членовите на другиот собор.

Член 51

Претресот на предлогот на закон почнува со излагање на предлагачот, кој може да даде образложение на предлогот. По ова известителот на одборот, на кој предлогот на закон му е доставен на мислење, го изнесува мислењето на одборот и може да предложи амандмани на предлогот на закон.

Член 52

Претресот на седница на Соборот опфаќа општ претрес и претрес на текстот на предлогот на закон.

Во текот на општиот претрес се расправува за предлогот на закон во начело, и можат да се изне-

суваат мислења, да се бараат објаснениja и да се поведуваат сите прашања во поглед на решенијата дадени во предлогот.

Во текот на претресот на текстот на предлогот на закон, за предлогот се расправува по делови, глави односно оддели, а ако Соборот одлучи и по членови. Предлогот на сојузниот општествен план односно предлогот на сојузниот буџет се претресува по глави односно по раздели. Во овој дел на претресот се одлучува и за поднесените амандмани.

Претставникот на Сојузниот извршен совет може да учествува во претресот и од името на Советот да предлага амандмани.

Во претресот можат да земат збор со цел за давање известувања и повереницитe на Сојузниот извршен совет.

Во текот на претресот на седницата на Соборот предлогот на закон не се чита, но Соборот може да одлучи, на предлог од претседателот или член на Соборот, да се чита предлогот во целина или само одделни негови делови.

Предлогот на закон го чита секретарот на Соборот.

Член 53

Соборот на работните заедници што не учествува во донесувањето на законот, а кој за него водил претрес и му дал свое мислење на Соборот, може преку свој претставник на седницата на Соборот и усно да го образложи своето мислење.

Член 54

Сојузниот извршен совет и предлагачот на предлогот на закон можат до завршетокот на претресот да му предложат на Соборот да се одложи претресот на предлогот на закон. За овој предлог Соборот одлучува веднаш.

Член 55

Амандмани на предлогот на закон можат, по правило, да се поднесуваат најдоцна на 48 часа пред седницата на Соборот на која ќе се претресува предлогот. Амандманите се поднесуваат писмено преку претседателот на Соборот и тие веднаш му се доставуваат на подносителот на предлогот на закон и на Сојузниот извршен совет а на членовите на Соборот им се ставаат на располагање во зградата на Скупштината најдоцна на 24 часа пред почетокот на седницата на која ќе се претресува предлогот.

Амандмани по исклучок можат да се поднесуваат писмено и во текот на претресот, ако се согласи Соборот со тоа. Соборот претходно одлучува дали ќе се расправува за амандманот што го поднесол член на Соборот на седница на Соборот само ако амандманот го подржале најмалку девет членови на Соборот.

Пред одлучувањето дали ќе се расправува за амандманот што е поднесен на седница Соборот ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

Ако предлагачот или Сојузниот извршен совет бара одлучувањето за ваквиот амандман да се одложи за да може тој да го проучи амандманот и за него да се изјасни, Соборот ќе го одложи претресот најмалку за 24 часа.

Амандманите на подносителот на предлогот на закон се сметаат како составен дел на предлогот.

Член 56

За амандманот се води претрес на седница на Соборот.

За амандманот имаат право да се изјаснат подносителот на предлогот на закон и известителот на одборот на кој му бил доставен предлогот на мислење. Тие можат да му предложат на Соборот амандманот пред гласањето да му се упати на мислење на надлежниот одбор.

Ако подносителот на предлогот на закон се согласи со амандманот, тој станува составен дел на предлогот.

Член 57

Ако Соборот го прифатил амандманот, тој може да одлучи претресот да се прекине и предлогот да ѝ се достави на Законодавно-правната комисија заради утврдување конечен текст на амандманот.

Член 58

По завршениот претрес, Соборот гласа за предлогот на закон во целина.

Ако член на Соборот бара посебно да се гласа за определен дел или член на предлогот на закон или на одделен дел или член е поднесен амандман, гласањето за тој дел односно член ќе се врши одвоено.

При гласањето за предлогот на сојузниот општествен план и сојузниот буџет, Соборот одлучува дали ќе се гласа за секоја глава на планот односно за секој раздел на буџетот или за планот односно буџетот ќе се гласа во целина. Ако член на Соборот бара посебно да се гласа за определени делови (глава, раздел и др.) на сојузниот општествен план или сојузниот буџет или на одделни делови од тие акти е поднесен амандман, гласањето за тие делови ќе се врши одвоено.

По гласањето за деловите на сојузниот општествен план и сојузниот буџет за планот и буџетот се гласа во целина.

Член 59

Ако во донесувањето на закон учествува во рамките на своите посебни права и Соборот на народите, претресот на предлогот на закон на седницата на Соборот може да започне дури откога Соборот на народите одржал своја седница и зазел став за предлогот.

**3. Донесување закони по брза постапка**

Член 60

Подносителот на предлогот на закон може на Соборот да му поднесе образложено барање законот да се донесе по брза постапка.

За барањето на предлагачот — член на Соборот да се донесе законот по брза постапка Соборот одлучува само ако барањето го подржат најмалку девет членови на Соборот. За ваквото барање Соборот пред одлучувањето ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

За предлогот за донесување закон по брза постапка, Соборот решава како за претходно прашање при ставањето на предлогот на дневен ред на својата седница. Предлагачот може и усно да го образложи барањето за донесување закон по брза постапка.

Член 61

Ако Соборот го прифати предлогот за донесување закон по брза постапка, непосредно се пристапува кон претрес на предлогот на седница на Соборот, но, Соборот може, пред или во текот на претресот од соодветниот одбор да побара итно мислење за предлогот на закон.

Амандмани на предлогот на закон можат да се поднесат до заклучувањето на претресот.

**4. Постапка за донесување одлуки, декларации, резолуции и препораки**

Член 62

Во поглед на претресувањето на предлози на одлуки, декларации, резолуции и препораки, гласањето за овие предлози и во поглед на останалото што се однесува до нивното донесување, важат одредбите од оваа одлука за постапката за донесување закони.

Пред гласањето за предлогот на одлука, декларација, резолуција односно препорака, Соборот може да одлучи да побара мислење од соодветниот одбор на соборот.

## VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА РАБОТАТА НА СОБОРОТ НА НАРОДИТЕ

Член 63

Седниците на Соборот на народите ги свикува претседателот на Соборот на народите.

Соборот на народите се состанува и на барање од лицата овластени со Уставот (член 190 став 2). Барање може да се поднесе сé до почетокот на гласањето во Сојузниот собор за предлогот по повод на кој се бара свикување на Соборот на народите.

Врз основа на поднесеното барање се прекинува работата на Сојузниот собор во врска со односната точка на дневниот ред и не може да се продолжи додека Соборот на народите не го заврши претресот.

Член 64

Соборот на народите може полноважно да одлучува ако на седницата е присутна повеќе од една половина на членовите на Соборот.

Член 65

Подносителот на предлогот за кој Соборот на народите решава има право на седницата на Соборот на народите да го образложи својот предлог.

Член 66

Одлуката на Соборот на народите може да содржи:

1) мислење дека предлогот е во согласност со рамноправноста на народите и републиките, како и со правата на републиките утврдени во Уставот;

2) предлог одделни одредби од претресуваниот предлог да се изменат или дополнат;

3) предлог законот односно другиот акт да не се донесе од причината што според мислењето на Соборот на народите не е во согласност со рамноправноста на народите и републиките или со правата на републиките утврдени со Уставот.

Член 67

Ако со одредбите од овој оддел не е определено поинаку, за работата на седница на Соборот на народите важат соодветните одредби од оваа одлука за работата на седниците на Сојузниот собор.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 68

Соборот може во одделни случаи, ако го бара тоа потребата, да одлучи, во согласност со начелата од оваа одлука, да примени постапка различна од онаа што е предвидена со оваа одлука.

Член 69

Оваа одлука влегува во сила кога ќе ја прифати Сојузниот собор.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 11/1
29 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

**470.**

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 29 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПРИВРЕМЕНИОТ ДЕЛОВЕН РЕД НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

До донесувањето на постојан деловник, на работата на Стопанскиот собор и на неговата организација ќе се применуваат одредбите од оваа одлука.

По прашањата што не се уредени со оваа одлука согласно ќе се применуваат одредбите од Деловникот на Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/58 и 49/59).

Член 2

Стопанскиот собор (во понатамошниот текст: Соборот) заседа одвоено од другите собори, освен кога според Уставот, Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната скупштина и одредбите од оваа одлука се состанува и работи заедно со еден или повеќе други собори.

Член 3

Соборот работи на свои седници, на седници на своите постојани и други одбори и комисии, како и на заеднички седници со други собори.

### II. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБОРОТ

Член 4

Претседателот на Соборот ги организира и свикува седниците на Соборот и претседава на нив, дава иницијатива за претресување одделни прашања на седниците на Соборот и на седниците на неговите одбори и комисии и ја усогласува работата на одборите и комисиите на Соборот.

Претседателот на Соборот се грижи за примената на оваа одлука, ги потпишува актите донесени на седница на Соборот, освен законите, и врши други права и должности предвидени со Уставот, со Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната скупштина и со оваа одлука.

Претседателот има право да учествува во расправањето на сите прашања што се наоѓаат на дневен ред на седниците на Соборот и неговите одбори и комисии.

Член 5

Соборот има потпретседател, кој го заменува претседателот на Соборот во случај на неговата спреченост.

Претседателот на Соборот може да го овласти потпретседателот на Соборот да го заменува во претседавањето на определена седница на Соборот.

Член 6

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години.

### III. СЕДНИЦИ НА СОБОРОТ

#### 1. Општи одредби

Член 7

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот врз основа на одлука на Соборот или по сопствена иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница на Соборот врз основа на одлука на Соборот, на предлог од претседателот на Сојузната скупштина или Сојузниот извршен совет, од постојан одбор односно комисија или дваесет членови на Соборот, како и во други случаи кога е тоа определено со оваа одлука.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот кога е должен да го стори тоа, Соборот ќе се состане на покана од дваесет членови на Соборот или од претседателот на Скупштината.

Член 8

Седниците на Соборот се јавни.

Соборот може да одлучи да се одржи седница или за одделни прашања да се расправа без присуство на јавноста.

Ако Соборот одлучил за одделни прашања да се расправа без присуство на јавноста, за тие прашања ќе се расправа без присуство на јавноста и во одборите односно комисиите.

Податоците и фактите за работата на таква седница мораат да се чуваат како тајна, освен ако Соборот, одбор или комисија одлучи определени податоци да можат да се објават.

Член 9

Записникот од претходната седница им се доставува на членовите на Соборот најдоцна на 48 часа пред почетокот на седницата на која се усвојува записникот.

Секој член на Соборот има право на седница да стави забелешки на записникот. Ако претседателот на Соборот не ја усвои забелешката, за основаноста на забелешката одлучува Соборот без претрес.

Член 10

Предлогот на дневниот ред го составува претседателот на Соборот. Предлогот на дневниот ред претседателот на Соборот им го доставува на членовите на Соборот писмено најдоцна до почетокот на седницата.

Член 11

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред имаат право да поднесат член на Соборот, постојаните одбори и комисии на Соборот и на Скупштината, како и Сојузниот извршен совет.

Предлогот за внесување одделни прашања во дневниот ред му се поднесува писмено на претседателот на Соборот, ако со оваа одлука не е определено поинаку

Прашањата што се предложени за дневен ред на седницата на Соборот мораат заедно со соодветните материјали да им се доставаат на членовите на Соборот најдоцна на осум дена пред седницата на која се одлучува за ставањето на тие прашања на дневен ред.

Ако претседателот на Соборот смета дека определено прашање предложено за дневен ред не треба да се стави на дневен ред на седницата, а предлагачот останува при своето барање, за предлогот одлучува Соборот.

Член на Соборот може и усно на седница да предложи ставање на одделно прашање на дневен ред, но е должен да ја образложи итноста на предлогот.

Пред одлучувањето за ваков предлог на член на Соборот, Соборот ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет. За предлогот може да даде мислење и претставникот на надлежниот одбор на Соборот.

Соборот решава за итноста како за претходно прашање, ако ваквиот предлог го поддржат уште најмалку девет членови на Соборот.

Член 12

Соборот може полноважно да одлучува ако на седницата присуствува повеќе од една половина од вкупниот број на членовите на Соборот (кворум).

Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласовите на присутните членови на Соборот, ако со оваа одлука не е определено поинаку.

Ако бројот на членовите на Соборот што се воздржале од гласање е поголем од вкупниот број на оние што го дале гласот „за“ односно „против“, предлогот за кој се гласало е отфрлен, а ако се гласа за избор — се врши повторен избор.

Член 13

На одлучувањето му претходи претрес, освен во случаите кога со оваа одлука е определено да се одлучува без претрес.

Кога на дневен ред на седница на Соборот е претрес на предлог или на друго прашање од интерес за работни, други самоуправни или други организации, Соборот може да ги повика претставниците на тие организации на седницата да го изнесат своето мислење за предлогот или за другото прашање што е на дневен ред.

Член 14

На седницата на Соборот се одлучува за прифаќањето или одбивањето на предлогот.

Соборот може да одлучи и да се симне предлогот од дневен ред воопшто или заради доставување до одборот односно комисијата на повторно разгледување.

Подносителот на предлогот може да го повлече предлогот сè до ставањето на предлогот на гласање. Сојузниот извршен совет може преку свој претставник да изјави дека таков предлог што го поднесол член на Соборот, одбор или комисија на Соборот го прифаќа како свој. Во тој случај претресот на предлогот се продолжува.

Член 15

Претресот на одделни прашања што не бараат одлучување или за кои Соборот не сака да одлучи, се завршува со просто преминување на дневниот ред.

Предлогот за просто преминување на дневниот ред може да го даде претседателот на Соборот и секој член на Соборот што ќе го поддржат четири членови на Соборот.

Преминот на дневниот ред може да биде и образложен.

Член 16

Претресот на прашања од општо политичко значење може на седница на Соборот да се заврши со просто или образложено преминување на дневниот ред, или со донесување на декларација или резолуција.

Предлогот на декларација или резолуција можат да го поднесат десет членови на Соборот, одбор на Соборот или Сојузниот извршен совет.

Член 17

Претресот на прашањата во врска со извршувањето на сојузните закони и другите акти на Скупштината и претресот на другите прашања од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и работните заедници од областа на стопанството што ги претресува Соборот во својот делокруг самостојно може да се заврши со давање на препорака на соодветните работни и други самоуправни организации, работни заедници и државни органи или со просто преминување на дневниот ред.

Член 18

Претресот на предлогот на закон, на сојузниот буџет, како и другите прашања од надлежноста на друг собор може да се заврши со давање на мислење на надлежниот Собор за предлогот или прашањето — ако тие се однесуваат и на областа од делокругот на Соборот, или со амандман што го предлага Соборот на предлогот на закон или друг акт

Соборот може пред давањето на мислење да го упати предлогот на закон или друг акт до одбор на Соборот на мислење.

Соборот може истовремено да определи еден свој член што ќе го образложи мислењето или амандманот на Соборот на седницата на надлежниот собор.

Член 19

Прашањата на членовите на Соборот на Сојузниот извршен совет, на државен секретар и други сојузни функционери што ја раководат работата на сојузните органи на управата се упатуваат писмено

преку претседателот на Соборот или се поставуваат усно на седница на Соборот.

Член на Соборот може да бара на поставеното прашање да му се одговори писмено или усно на седница на Соборот.

Прашањата се поставуваат кратко и стегнато. Соборот може да определи посебно време на седницата за поставување на прашања и давање одговори.

Член 20

Писмениот одговор се дава во рок од десет дена преку претседателот на Соборот, кој за одговорот го известува Соборот на седницата.

Устен одговор се дава на првата наредна седница на Соборот, ако прашањето му било доставено на Сојузниот извршен совет односно на сојузен функционер најмалку на осум дена пред седницата.

На барање од претставникот на Сојузниот извршен совет односно сојузен функционер Соборот може да определи подолг рок за давање одговор.

По дадениот одговор членот на Соборот што го поставил прашањето може да постави уште едно дополнително прашање и откога ќе добие одговор на него се преминува на дневниот ред.

Членот на Соборот што го поставил прашањето, може по постапката предвидена со оваа одлука за утврдување на дневниот ред, да предложи за работата што се однесува на неговото прашање да се поведе претрес на еден од наредните седници на Соборот.

За предлогот одлучува Соборот откако ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

Член 21

Гласањето се врши јавно.

Кога се гласа за изборот и разрешување, Соборот може, на предлог од претседателот или член на Соборот, да одлучи да се гласа тајно.

Ако најмалку десет членови на Соборот бараат за изборот и разрешувањето да се гласа тајно, гласањето ќе се изврши тајно.

Членовите на Соборот гласаат така што се изјаснуваат „за" или „против" предлогот, односно „за" или „против" една од кандидатурите, или се воздржуваат од гласање.

Амандмани на предлогот на закон можат, по правило, да се поднесуваат најдоцна на 48 часа пред седницата на Соборот на која ќе се претресува предлогот. Амандманите се поднесуваат писмено преку претседателот на Соборот и веднаш му се доставуваат на подносителот на предлогот на закон и на Сојузниот извршен совет, а на членовите на Соборот им се ставаат на располагање во зградата на Скупштината најдоцна на 24 часа пред почетокот на седницата на која ќе се претресува предлогот на закон.

Амандмани по исклучок можат да се поднесуваат писмено и во текот на претресот, ако се согласи Соборот со тоа. Соборот претходно одлучува дали ќе се расправува за амандманот што го поднесол член на Соборот на седница на Соборот само ако амандманот го поддржале најмалку девет членови на Соборот.

Пред одлучувањето дали ќе се расправува за амандманот што е поднесен на седница, Соборот ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

Ако предлагачот или Сојузниот извршен совет бара одлучувањето за ваквиот амандман да се одложи за да може тој да го проучи амандманот и да се изјасни за него. Соборот ќе го одложи претресот најмалку за 24 часа.

Амандманите на подносителот на предлогот на закон се сметаат како составен дел на предлогот.

Член 46

За амандманот се води претрес на седница на Соборот.

За амандманот имаат право да се изјаснат подносителот на предлогот на закон и известителот на одборот на кој му бил доставен предлогот на мислење. Тие можат да му предложат на Соборот амандманот пред гласањето да му се упати на мислење на надлежниот одбор.

Ако подносителот на предлогот на закон се согласи со амандманот, тој станува составен дел на предлогот.

Член 47

Ако Соборот го прифатил амандманот, тој може да одлучи претресот да се прекине и предлогот да ѝ се достави на Законодавно-правната комисија заради утврдување конечен текст на амандманот.

Член 48

По завршениот претрес, Соборот гласа за предлогот на закон во целина.

Ако член на Соборот бара посебно да се гласа за определен дел или член на предлогот на закон или на одделен дел или член е поднесен амандман, гласањето за тој дел односно член ќе се врши одвоено.

**3. Донесување закон по брза постапка**

Член 49

Подносителот на предлогот на закон може на Соборот да му поднесе образложено барање законот што се предлага да се донесе по брза постапка.

За барањето на предлагачот — член на Соборот да се донесе законот по брза постапка Соборот одлучува само ако барањето го поддржат најмалку девет членови на Соборот. За ваквото барање Соборот пред одлучувањето ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

За предлогот за донесување закон по брза постапка Соборот решава како за претходно прашање при ставањето на предлогот на дневен ред на својата седница. Предлагачот може и усно да го образложи барањето за донесување закон по брза постапка.

Член 50

Ако Соборот го прифати предлогот за донесување закон по брза постапка, непосредно пристапува кон претрес на предлогот на седница на Соборот, но Соборот може, пред или во текот на претресот, од соодветниот одбор да бара итно мислење за предлогот на закон.

Амандмани на предлог на закон можат да се поднесат до заклучувањето на претресот.

**4. Постапка за донесување одлуки, декларации, резолуции и препораки**

Член 51

Во поглед на претресувањето на предлози на одлуки, декларации, резолуции и препораки, гласањето за овие предлози и во поглед на останалото што се однесува до нивното донесување, важат одредбите од оваа одлука за постапката за донесување закони.

Пред гласањето за предлог на одлука, декларација, резолуција односно препорака, Соборот може да одлучи да побара мислење од соодветниот одбор на Соборот.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Соборот може во одделни случаи, ако го бара тоа потребата, да одлучи, во согласност со начелата од оваа одлука, да примени постапка различна од онаа што е предвидена со оваа одлука.

Член 53

Оваа одлука влегува во сила кога ќе ја прифати Социјално-здравствениот собор.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 14/1
29 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Социјално-здравствениот собор,
**Олга Врабич,** с. р.

**473.**

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина на седницата на Сојузниот собор од 29 јуни 1963 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПРИВРЕМЕНИОТ ДЕЛОВЕН РЕД НА ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

До донесувањето на постојан Деловник, на работата на Организационо-политичкиот собор и на неговата организација ќе се применуваат одредбите од оваа одлука.

По прашањата што не се уредени со оваа одлука согласно ќе се применуваат одредбите од Деловникот на Соборот на производителите на Сојузната народна скупштина („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 47/58 и 49/59).

Член 2

Организационо-политичкиот собор (во понатамошниот текст Соборот) заседа одвоено од другите собори, освен кога според Уставот, Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната скупштина и одредбите од оваа одлука се состанува и работи заедно со еден или повеќе други собори.

Член 3

Соборот работи на свои седници, на седници на своите постојани и други одбори и комисии, како и на заеднички седници со други собори.

## II. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ

Член 4

Претседателот на Соборот ги организира и свикува седниците на Соборот и претседава на нив, дава иницијатива за претресување одделни прашања на седниците на Соборот и на седниците на неговите одбори и комисии и ја усогласува работата на одборите и комисиите на Соборот

Претседателот на Соборот се грижи за примената на оваа одлука, ги потпишува актите донесени на седница на Соборот, освен законите, и врши други права и должности предвидени со Уставот, со Одлуката за привремениот деловен ред на Сојузната скупштина и со оваа одлука.

Претседателот има право да учествува во расправањето на сите прашања што се наоѓаат на дневен ред на седниците на Соборот и неговите одбори и комисии.

Член 5

Соборот има потпретседател, кој го заменува претседателот на Соборот во случај на негова спреченост.

Претседателот на Соборот може да го овласти потпретседателот на Соборот да го заменува во претседавањето на определена седница на Соборот.

Член 6

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години.

## III. СЕДНИЦИ НА СОБОРОТ

**1. Општи одредби**

Член 7

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот врз основа на одлука на Соборот или по сопствена иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница на Соборот врз основа на одлука на Соборот, на предлог од претседателот на Сојузната скупштина или Сојузниот извршен совет, од постојан одбор односно комисија или дваесет членови на Соборот, како и во други случаи кога е тоа определено со оваа одлука.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот кога е должен да го стори тоа, Соборот ќе се состане на покана од дваесет членови на Соборот или од претседателот на Скупштината.

Член 8

Седниците на Соборот се јавни.

Соборот може да одлучи да се одржи седница или за одделни прашања да се расправа без присуство на јавноста.

Ако Соборот одлучил за одделни прашања да се расправа без присуство на јавноста, за тие прашања ќе се расправа без присуство на јавноста и во одборите односно комисиите.

Податоците и фактите за работата на таква седница мораат да се чуваат како тајна, освен ако Соборот, одбор или комисија одлучи определени податоци да можат да се објават.

Член 9

Записникот од претходната седница им се доставува на членовите на Соборот најдоцна на 48 часа пред почетокот на седницата на која се усвојува записникот.

Секој член на Соборот има право на седница да стави забелешки на записникот. Ако претседателот на Соборот не ја усвои забелешката, за основаноста на забелешката одлучува Соборот без претрес.

Член 10

Предлогот на дневниот ред го составува претседателот на Соборот. Предлогот на дневниот ред претседателот на Соборот им го доставува на членовите на Соборот писмено најдоцна до почетокот на седницата.

Член 11

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред имаат право да поднесат член на Соборот, постојаните одбори и комисии на Соборот и на Скупштината, како и Сојузниот извршен совет.

Предлогот за внесување одделни прашања во дневниот ред му се поднесува писмено на претсе-

или „против" една од кандидатурите, или се воздржуваат од гласање.

Член на Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас.

Член 22

Јавното гласање се врши со дигање на рака или поименично.

Јавното гласање се врши по правило со дигање на рака.

Кога гласањето се врши со дигање на рака, претседателот на Соборот не гласа.

При гласањето со дигање на рака претседателот ги повикува најпрво да дигнат рака членовите на Соборот што гласаат „за", потоа оние што гласаат „против", а потоа прашува дали има членови на Соборот што се воздржуваат од гласање.

Поименично се гласа кога е тоа определено со оваа одлука или кога Соборот ќе одлучи за тоа.

Поименично се гласа со прозивање на членовите на Соборот, кое го врши секретарот на Соборот.

Кога ќе биде завршено прозивањето, повторно ќе се прозоват членовите на Соборот за кои во списокот не е забележано дека гласале.

Резултатот на гласањето го објавува претседателот на Соборот.

**2. Постапка при изборот**

Член 23

Предлозите за избор и разрешување на претседателот на Соборот, потпретседателот на Соборот и на членовите на одборите и комисиите на Соборот, како и за именување секретар на Соборот се поднесуваат преку претседателот на Соборот.

Предлозите се поднесуваат писмено и содржат покрај имиња на кандидатите и потписи на предлагачите.

Член 24

Предлогот за избор на одбори и комисии на Соборот во целина или на одделни нивни членови, како и за нивно разрешување, му го поднесува на Соборот Комисијата за прашањата на изборите и именувањата.

Предлогот за избор на одборите и комисиите на Соборот во целина или на одделни нивни членови, како и за нивно разрешување, можат на Соборот да му го поднесат и десет членови на Соборот.

Член 25

Кога ќе се заврши предлагањето, претседателот на Соборот соопштува кои предлози и по кој ред се поднесени.

Член 26

Изборот на одбори односно комисии во целина се врши врз основа на кандидатски листи. Секоја кандидатска листа мора да содржи онолку кандидати колку членови на одборот односно комисијата се избираат.

Изборот на одделни членови на одбор односно комисија се врши врз основа на поединечни предлози. Ако изборот на членовите на одбор односно комисија се врши со тајно гласање, гласањето се врши со едно гласачко ливче.

Член 27

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња. На секое гласачко ливче се става печат на Скупштината.

Секој член на Соборот добива едно гласачко ливче.

По расподелбата на гласачките ливчиња претседателот го определува времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 28

Со спроведувањето на изборите раководи претседателот на Соборот, на кој во работата му помагаат секретарот на Соборот и два члена на Соборот, што, со согласност од Соборот, ќе ги определи претседателот.

Член 29

Член на Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа, а ако гласањето се врши по кандидатски листи, тогаш го заокружува редниот број на кандидатската листа за која гласа.

Член на Соборот може да гласа само за еден кандидат — ако се предложени повеќе кандидати за иста функција, односно за една кандидатска листа — ако се предложени повеќе кандидатски листи.

Откако ќе ги пополнат гласачките ливчиња членовите на Соборот ги пуштаат во гласачката кутија.

Член 30

По завршеното гласање се врши пребројување и преглед на гласачките ливчиња заради утврдување на резултатот на гласањето. Ако се појави разлика помеѓу бројот на издадените и предадените гласачки ливчиња, резултатот на гласањето се утврдува врз основа на бројот на предадените гласачки ливчиња.

Член 31

Резултатот на гласањето го објавува претседателот на соборот.

Претседателот објавува колку вкупно членови на Соборот гласале, колку од тоа за кандидатот односно за кандидатската листа, колку против, колку се воздржале, а колку има неважни гласачки ливчиња.

Претседателот објавува кој кандидат односно од која кандидатска листа кандидатите се избрани според бројот на добиените гласови.

Ако ниеден кандидат или ниедна кандидатска листа не добила потребно мнозинство, во повторниот избор учествуваат сите поранешни кандидати односно сите поранешни кандидатски листи, како и нови кандидати односно кандидатски листи — ако бидат дополнително предложени.

Член 32

Одредбите од чл. 23 до 31 на оваа одлука согласно се применуваат и во постапката за разрешување.

## IV. ОДБОРИ И КОМИСИИ НА СОБОРОТ

Член 33

За претресување предлози на закони и други акти и прашања од надлежноста на Соборот, Соборот може да формира еден или повеќе постојани одбори или повремени одбори.

Соборот може да формира и постојани и повремени комисии за проучување определени прашања и за составување нацрти на одделни закони и предлози на други акти.

Во проучувањето на предлози на закони и други акти и други прашања, како и во подготвувањето на нацрти на закони и предлози на други акти од надлежноста на Соборот, одборите и комисиите се опираат врз соработката на соодветните работни, други самоуправни организации и други организации.

Член 34

Постојаните одбори имаат 7 до 15 членови, а постојаните комисии 5 до 7 членови.

Бројот на членовите на одбор односно комисија се определува при изборот на нивните членови.

Член 35

Член на Соборот може да биде член на најмногу два постојани одбори или постојани комисии на Соборот.

За членови на повремените комисии на Соборот можат да се именуваат и лица од редовите на стручњаци и јавни работници.

Член 36

Членовите на одбори и комисии на Соборот се избираат на четири години.

Соборот може да разреши одбор или комисија во целина или одделен нивен член и пред истекот на времето за кое се избрани.

Секој одбор и комисија има претседател кого го избира Соборот.

Член 37

Мандатно-имунитетската комисија:

— ги претресува сите прашања во врска со имунитетското право;

— му поднесува на Соборот и на претседателот на Скупштината извештај за престанокот на мандатот на членовите на Соборот; ги испитува пратеничките уверенија, изборните акти и пристигнатите жалби и дава предлози во поглед на верификацијата на мандатите на пратениците избрани на повторните и дополнителните избори;

— дава, ако Соборот не е собран, одобрение за лишување од слобода и за поведување односно продолжување кривична постапка и одлучува за воспоставување на имунитетското право на член на Соборот, со дополнителна потврда од Соборот.

## V. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ И ДРУГИ АКТИ

### 1. Поднесување предлози на закони

Член 38

Предлог на закон му се поднесува на Соборот писмено преку претседателот на Скупштината, во формата во која се донесува закон.

Предлог на закон мора да биде образложен, а кон предлогот треба да бидат приложени и материјалите врз основа на кои е составен предлогот.

Член 39

Предлогот на закон што го поднесол член на Соборот, одбор или комисија му се доставува и на Сојузниот извршен совет заради запознавање со предлогот. Сојузниот извршен совет може за таквиот предлог да му даде на Соборот свое мислење.

Предлогот на закон заедно со соодветните материјали мора да им биде доставен на членовите на Соборот благовремено, а најдоцна на осум дена пред седницата на Соборот на која ќе се претресува.

Член 40

Соборот или претседателот на Соборот, во согласност со заклучоците на Соборот, може да одлучи предлогот на закон претходно да му се достави на мислење на надлежниот одбор.

Во ваков случај мислењето на надлежниот одбор ќе им се достави на членовите на Соборот најдоцна на 24 часа пред седницата на која се претресува предлогот на закон.

Секој одбор на Соборот, во рамките на својот делокруг, може за предлогот на закон што не му е доставен на мислење во смисла на одредбата од претходниот став да му поднесува на Соборот амандмани или на седница на Соборот да го изложи својот став.

### 2. Претрес на седница на Соборот

Член 41

Предлогот на закон во чие донесување рамноправно учествуваат Организационо-политичкиот собор и Сојузниот собор се претресува, по правило, на одвоени седници на соборите.

Организационо-политичкиот собор може заедно со Сојузниот собор да одлучи предлогот да го претресуваат и за него да гласаат на заедничка седница. Кога Соборот заедно со друг собор ќе одлучи за предлогот да гласаат на заедничка седница, членовите на Соборот ќе гласаат одвоено од членовите на Сојузниот собор.

Член 42

Претресот на предлогот на закон почнува со излагање на предлагачот, кој може да даде образложение на предлогот. По ова известителот на одборот, на кој предлогот на закон му е доставен на мислење го изнесува мислењето на одборот и може да предложи амандмани на предлогот на закон.

Член 43

Претресот на седница на Соборот опфаќа општ претрес и претрес на текстот на предлогот на закон.

Во текот на општиот претрес се расправа за предлогот на закон во начело, и можат да се изнесуваат мислења, да се бараат објасненија и да се поведуваат сите прашања во поглед на решенијата дадени во предлогот.

Во текот на претресот на текстот на предлогот на закон, за предлогот се расправува по делови, глави односно оддели, а ако Соборот одлучи и по членови. Предлогот на сојузниот буџет се претресува по раздели. Во овој дел на претресот се одлучува и за поднесените амандмани.

Претставникот на Сојузниот извршен совет може да учествува во претресот и од името на Советот да предлага амандмани.

Во претресот можат да земат збор со цел за давање известувања и повереници на Сојузниот извршен совет.

Во текот на претресот на седницата на Соборот предлогот на закон не се чита, но Соборот може да одлучи, на предлог од претседателот или член на Соборот, да се чита предлогот во целина или само одделни негови делови.

Предлогот на закон го чита секретарот на Соборот.

Член 44

Сојузниот извршен совет и предлагачот на предлогот на закон можат до завршетокот на претресот да му предложат на Соборот да се одложи претресот на предлогот. За овој предлог Соборот одлучува веднаш.

Член 45

Амандмани на предлогот на закон можат, по правило, да се поднесуваат најдоцна на 48 часа пред седницата на Соборот на која ќе се претресува предлогот. Амандманите се поднесуваат писмено преку претседателот на Соборот и веднаш му се доставуваат на подносителот на предлогот на закон и на Сојузниот извршен совет, а на членовите на Соборот им се ставаат на располагање во зградата на Скупштината најдоцна на 24 часа пред почетокот на седницата на која ќе се претресува предлогот на закон.

Амандмани по исклучок можат да се поднесуваат писмено и во текот на претресот, ако се согласи Соборот со тоа. Соборот претходно одлучува дали ќе се расправува за амандманот што го поднесол член на Соборот на седница на Соборот само ако амандманот го подржале најмалку девет членови на Соборот.

Пред одлучувањето дали ќе се расправува за амандманот што е поднесен на седница, Соборот ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

Ако предлагачот или Сојузниот извршен совет бара одлучувањето за ваквиот амандман да се одложи за да може тој да го проучи амандманот и да се изјасни за него, Соборот ќе го одложи претресот најмалку за 24 часа.

Амандманите на подносителот на предлогот на закон се сметаат како составен дел на предлогот.

Член 46

За амандманот се води претрес на седница на Соборот.

За амандманот имаат право да се изјаснат подносителот на предлогот на закон и известителот на одборот на кој му бил доставен предлогот на мислење. Тие можат да му предложат на Соборот амандманот пред гласањето да му се упати на мислење на надлежниот одбор.

Ако подносителот на предлогот на закон се согласи со амандманот, тој станува составен дел на предлогот.

Член 47

Ако Соборот го прифатил амандманот, тој може да одлучи претресот да се прекине и предлогот да и се достави на Законодавно-правната комисија заради утврдување конечен текст на амандманот.

Член 48

По завршениот претрес, Соборот гласа за предлогот на закон во целина.

Ако член на Соборот бара посебно да се гласа за определен дел или член на предлогот на закон или на оделен дел или член е поднесен амандман, гласањето за тој дел односно член ќе се врши одвоено.

При гласањето за предлогот на сојузниот буџет Соборот одлучува дали ќе се гласа за секоја глава на буџетот или за овој акт ќе се гласа во целина. Ако член на Соборот бара посебно да се гласа за определени делови (раздел, партии, позиции) на сојузниот буџет или на оделни делови од тој акт поднесол амандман, гласањето за тие делови ќе се врши одвоено.

По гласањето за деловите на сојузниот буџет се гласа за актот во целина.

**3. Донесување закон по брза постапка**

Член 49

Подносителот на предлогот на закон може на Соборот да му поднесе образложено барање законот што се предлага да се донесе по брза постапка.

За барањето на предлагачот — член на Соборот да се донесе законот по брза постапка Соборот одлучува само ако барањето го подржат најмалку девет членови на Соборот. За ваквото барање Соборот пред одлучувањето ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

За предлогот за донесување закон по брза постапка Соборот решава како за претходно прашање при ставањето на предлогот на дневен ред на својата седница. Предлагачот може и усно да го образложи барањето за донесување закон по брза постапка.

Член 50

Ако Соборот го прифати предлогот за донесување закон по брза постапка, непосредно пристапува кон претрес на предлогот на седница на Соборот, но Соборот може, пред или во текот на претресот, од соодветниот одбор да бара итно мислење за предлогот на закон.

Амандмани на предлог на закон можат да се поднесат до заклучувањето на претресот.

**4. Постапка за донесување одлуки, декларации, резолуции и препораки**

Член 51

Во поглед на претресувањето на предлози на одлуки, декларации, резолуции и препораки, гласањето за овие предлози и во поглед на останалото што се однесува до нивното донесување, важат одредбите од оваа одлука за постапката за донесување закони.

Пред гласањето за предлог на одлука, декларација, резолуција односно препорака, Соборот може да одлучи да побара мислење од соодветниот одбор на Соборот.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Соборот може во одделни случаи, ако го бара тоа потребата, да одлучи, во согласност со начелата од оваа одлука, да примени постапка различна од онаа што е предвидена со оваа одлука.

Член 53

Оваа одлука влегува во сила кога ќе ја прифати Организационо-политичкиот собор.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 15/1
29 јуни 1963 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

Претседател
на Организационо-политичкиот собор,
**Крсто Попивода**, с. р.

**474.**

Врз основа на членот 13 од Законот за заштитата на домашниот филм и за органите на општественото самоуправување во областа на филмот („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 30/62) и чл. 60 и 60в став 2 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 52/59, 23/61, 52/61, 28/62, 53/62 и 13/63), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА СОЈУЗНАТА КОМИСИЈА ЗА ПРЕГЛЕД НА ФИЛМОВИ

Член 1

Во Уредбата за Сојузната комисија за преглед на филмови („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 39/62) во членот 11 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Претсметката на приходите и расходите на посебната сметка од ставот 1 на овој член ја донесува Комисијата, во согласност со Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата.“

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 162
8 јули 1963 година
Белград

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**475.**

Врз основа на членот 60в став 2 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 52/59, 23 61, 52/61, 28/62, 53/62 и 13/63), Сујузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ СОЈУЗНИ ОРГАНИ НА УПРАВАТА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОКОТ НА ПРИХОДИТЕ СО КОИ РАСПОЛАГААТ ПРЕКУ ПОСЕБНИ СМЕТКИ

1. На приходите остварени од дејноста што ја финансираат преку посебна сметка од членот 60 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи, не плаќаат придонеси и данок, освен придонес од личниот доход и придонес и надоместоци што се пресметуваат и плаќаат на примањата на кои се плаќа придонесот за буџетите од личниот доход:

1) Сојузниот хидрометеоролошки завод,
2) Сојузниот завод за статистика,
3) Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба,
4) Управата за мери и скапоцени метали,
5) Сојузната управа за заштита на растенијата,
6) Сојузната комисија за преглед на филмови.

2. Сојузните органи на управата од точката 1 на оваа одлука се ослободуваат од плаќање на придонесите и данокот што би биле должни да ги платат од 3 април 1963 година до влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 163
8 јули 1963 година
Белград

Претседател
**Петар Стамболиќ**, с. р.

476.

Врз основа на членот 49 став 4 од Уредбата за книговодството на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“. бр. 27/55) и членот 2 точка 39 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ“. бр. 18/58, 18/59 и 9/61), во врска со членот 34 од Законот за придонесот од доходот на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 8/61, 26/61, 12/62 и 12/63), Сојузниот секретаријат за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Правилникот за периодичната пресметка на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 12/63 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/63) во членот 40 став 1 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а деловните банки во целата 1963 година“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 1-12436/1
18 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р.

477.

Врз основа на членот 50 од Уредбата за надоместоците на патните и другите трошоци на јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 9/60, 15/61, 24/61 и 16/62), Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И СЕЛИДБИ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Правилникот за надоместоците за службени патувања и селидби во странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 15/59. 48/59, 30/60, 27/61, 26/62, 30/62 и 48/62), во членот 8 се вршат измени на досегашните износи на дневниците за следниве странски земји, така што изменетиот текст за тие земји да гласи:

„**За Финска:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за службениците | од | I | група | 4.200 | фински марки |
| “ | “ | II | “ | 3.800 | “ |
| “ | “ | III | “ | 3.200 | “ |
| “ | “ | IV | “ | 2.600 | “ |

**за Канада:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за службениците | од | I | група | 18 | канадски долари |
| “ | “ | II | “ | 14 | “ |
| ” | ” | III | ” | 13 | ” |
| ” | ” | IV | ” | 12 | ” |

**за Полска:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за службениците | од | I | група | 300 | полски злоти |
| “ | “ | II | “ | 280 | “ |
| “ | “ | III | “ | 260 | “ |
| “ | “ | IV | “ | 240 | “ |

**за Соединетите Американски Држави:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за службениците | од | I | група | 20 | САД долари |
| “ | “ | II | “ | 15 | “ |
| “ | “ | III | “ | 14 | “ |
| “ | “ | IV | “ | 13 | “ |

**за Швајцарија:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за службениците | од | I | група | 60 | швајцарски франци |
| “ | “ | II | “ | 50 | “ |
| “ | “ | III | “ | 45 | “ |
| “ | “ | IV | “ | 40 | “ |

**за Уругвај:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за службениците | од | I | група | 17 | САД долари |
| “ | “ | II | “ | 15 | “ |
| “ | “ | III | “ | 13 | “ |
| “ | “ | IV | “ | 11 | “ |

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 06—9059/1
17 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за буџет и организација на управата,
**Зоран Полич**, с. р.

478.

Врз основа на членот 47 став 1 од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 2/61), во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА
## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ДЕВИЗИТЕ ЗА ПЛАЌАЊАТА ВО ВРСКА СО ИЗВОЗОТ И ЗА ДРУГИ ПЛАЌАЊА ВО СТРАНСТВО

1. Во Наредбата за утврдување на износот на девизите за плаќањата во врска со извозот и за други плаќања во странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 1/63) во точката 1 по одредбата под 3 се додава нова одредба под 3а, која гласи:

„3а) фармацеутски производи . . . . 10%“.

2. Во точката 4 по ставот 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Извозниците можат дел од девизите што им припаѓа во смисла на точката 1 од оваа наредба да им отстапат во договорена сразмера на овластените банки што учествуваат во динарското финансирање за вложувања во основни и трајни обртни средства што служат за производство наменето за извоз, со тоа што таа сразмера да не може да надмине 50% од износот на девизите на кој извозниците имаат право според точката 1 од оваа наредба, а заради зголемување на нивните сопствени девизни обртни средства што овластените банки можат да ги вложуваат само во производството наменето за извоз.

Извозниците што во процесот на производството се меѓусебно поврзани, можат девизите на кои имаат право во смисла на точката 1 од оваа наредба да ги здружуваат и така здружените девизи преку овластените банки да ги користат.“

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

П. бр. 4028
15 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Никола Џуверовиќ**, с. р.

се придржуваат за важечките прописи за начинот и условите предвидени за увоз на тие материјали и за насочниците дадени од надлежните органи за таков увоз, како и да обезбедат согласност од специјализираната банка што продава девизи за увоз на односите материјали.

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 3-12073/1
10 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р.

**481.**

Врз основа на членот 71 во врска со чл. 9 и 11 од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 2/61), во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот секретаријат за финансии издава

## НАРЕДБА
## ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ СКЛУЧУВААТ ДОГОВОРИ ЗА КУПУВАЊЕ ДЕВИЗИ ОД НАРОДНАТА БАНКА

1. Од нето девизниот ефект утврден во смисла на Одлуката за условите за давање кредити за унапредување и проширување на дејностите со кои се обезбедува зголемувањето на извозот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 26/63) и Наредбата за начинот на утврдување на нето девизниот ефект постигнат со користење на кредитите добиени за зголемување на извозот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/63) се подмируваат првенствено обврските во врска со земените кредити.

2. По подмирувањето на обврските во врска со земените кредити (точка 1) преостанатиот износ на девизите Народната банка ѝ го продава на овластената банка во височина од најмалку до 60%.

Народната банка може на овластена банка да ѝ продава и повеќе девизи од процентот предвиден во ставот 1 на оваа точка, зависно од можноста на платниот биланс, потребите на овластената банка во поглед на остварувањето на нејзината програма на инвестирањето во производството наменето за извоз и ризиците во врска со таквото инвестирање.

3. Овластената банка ги користи девизите од точката 2 на оваа наредба како сопствени обртни средства.

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а се применува на сите кредити одобрени од тој ден.

Бр. 3-12072/1
10 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р.

**482.**

Врз основа на точката 2 став 2 од Одлуката за условите за давање кредити за унапредување и проширување на дејностите со кои се обезбедува зголемувањето на извозот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 26/63), во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија Сојузниот секретаријат за финансии издава

## НАРЕДБА
## ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА НЕТО ДЕВИЗНИОТ ЕФЕКТ ПОСТИГНАТ СО КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТИТЕ ДОБИЕНИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ

1. Како нето девизен ефект во смисла на точката 2 став 1 од Одлуката за условите за давање кредити за унапредување и проширување на дејностите со кои се обезбедува зголемувањето на извозот, се смета зголемениот прилив на девизи остварен со извоз на стоки или со вршење на услуги, настанат со вложување во основни обртни средства по пат на динарски и девизни инвестициони кредити, а по одбивање на износите од точката 2 на оваа наредба.

При реконструкции или проширувања на инвестициони објекти, нето девизниот ефект претставува разлика помеѓу нето девизниот ефект настанат пред вложувањето и нето девизниот ефект настанат по вложувањето во основни и обртни средства по пат на динарски и девизни инвестициони кредити.

2. Нето девизниот ефект од точката 1 на оваа наредба се утврдува на тој начин што од вкупниот прилив на девизите се одбива:

1) вредноста на суровините и на другите репродукциони материјали потребни за вкупното производство што се постигнува со инвестиционото вложување;

2) 20% од износот на нето личните доходи;

3) амортизацијата на увозната опрема;

4) отплатата на лиценцата, ако лиценцата не се отплатува со увоз на делови чија вредност се одбива според одредбата под 1 од овој став.

При вршењето на услугите се одбиваат и другите трошоци во девизи врзани за услужната дејност.

3. По исклучок од одредбата на точката 2 став 1 под 1 на оваа наредба, при пресметувањето на нето девизниот ефект нема да се одбива вредноста на производите чиј пласман на странски пазар во необработена или непреработена состојба е нецелесообразен или отежнат, вредноста на производите што се суфицитарни на домашниот пазар, како и вредноста на оние производи кои можат да се увезуваат во поголеми количини од земји во кои се располага со поголеми износи на девизи.

Листата на производите од ставот 1 на оваа точка ја утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за финансии а по предлог од специјализираните банки.

4. Народната банка може, во спогодба со овластената банка, да предвиди за времето на отплатата на девизниот кредит да се врши пресметување на износите што се одбиваат според точката 2 став 1 на оваа наредба, и тоа во височината на процентот што го сочинуваат тие во однос на вкупниот прилив на девизите, а кој процент ќе се утврди при одобрувањето на девизниот кредит.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за начинот на утврдување на нето девизниот ефект постигнат со користење на кредити добиени за зголемување на извозот или намалување на увозот („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 47/61), со тоа што по веќе одобрените кредити ќе се применуваат одредбите од таа наредба.

6. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 3-12074/1
10 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров**, с. р.

**483.**

Врз основа на членот 10 од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 2/61), Сојузниот секретаријат за финансии издава

## НАРЕДБА
## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БАНКИТЕ ШТО СЕ ОВЛАСТЕНИ ДА ПРОДАВААТ ДЕВИЗИ

1. Во Наредбата за определување на банките што се овластени да продават девизи („Службен

лист на ФНРЈ", бр. 23/61) во точката 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Републичките стопански банки се овластени да продаваат девизи и да даваат девизни кредити од сопствени девизни обртни средства и од оние девизи што ќе им ги продаде или даде во вид на кредит Народната банка или специјализирана банка."

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-12075/1
10 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров,** с. р.

**484.**

Врз основа на членот 32 во врска со членот 5 од Уредбата за давање потрошувачки кредити на работниците, службениците и на другите определени категории корисници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/55, 18/57 и 53/61) и членот 2 оддел I под а) точка 42 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр 18/58, 18/59 и 9/61), во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, Народната банка пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РОКОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИТЕ КРЕДИТИ ЗА КУПУВАЊЕ МОТОРНИ ЧАМЦИ

1. Потрошувачките кредити за купување моторни чамци се даваат со рок за враќање до 5 години.

Кредитите од ставот 1 на оваа точка можат да им се даваат на лицата наведени во членот 3 од Уредбата за давање потрошувачки кредити на работниците, службениците и на другите определени категории корисници, најмногу до 1/4 од вкупниот износ на личниот доход што ќе го остварува заемобарателот за времето за кое се дава кредитот.

По одобрувањето на кредитот, а пред неговото добивање, корисниците на кредитот задолжително му полагаат на кредиторот најмалку 10% од износот на одобрениот кредит во готови пари.

2. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 59
11 јули 1963 година
Белград

Гувернер
на Народната банка
**Никола Миљаниќ,** с. р.

**485.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА САНИТАРНА ОПРЕМА ЗА СТАНОВИ

1. Во изданието на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следниве југословенски стандарди:

Санитарна опрема за станови:

Кади од лив или челичен лим, емајлирани — — — — — — — — — — JUS U.N5.210

Полукади од лив или челичен лим, емајлирани — — — — — — — — JUS U.N5.220

Тушови кади од лив или челичен лим, емајлирани — — — — — — — JUS U.N5.230

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1965 година, со тоа што производителите да можат во границите на своите можности да ги применуваат и пред горе наведениот рок.

Бр. 17—5090
12 јули 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж **Славољуб Виторовиќ,** с. р.

**486.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КУЈНСКА ОПРЕМА ЗА СТАНОВИ

1. Во изданието на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следниве југословенски стндарди:

Кујнска опрема за станови:

Кујнски мијалник. Форма и димензии — — — — — — — — — — — — JUS U.N5.300

Кујнски мијалник со изливник. Форма и димензии — — — — — — — JUS U.N5.310

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1964 година, со тоа што производителите да можат во границите на своите можности да ги применуваат и пред наведениот рок.

Бр. 17—5089
12 јули 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж **Славољуб Виторовиќ,** с р.

**487.**

Врз основа на членот 29 став 3 од Законот за Југославенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

